# Службен весник на Република Македонија

Број 2 | 4 јануари 2013, петок | година LXIX

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 7. | **Уредба** за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон...................................................... | 2 |
| 8. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Геолошки завод на Република Македонија.............................. | 3 |
| 9. | **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на непосредна спогодба на општина Центар................................................ | 3 |
| 10. | **Одлука** за престанување на важење на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Народна Банка на Република Македонија..................... | 3 |
| 11. | **Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Народна Банка на Република Македонија............................... | 3 |
| 12. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Народна банка на Република Македонија........................................ | 4 |
| 13. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – руди на железо на АД Тајмиште Кичево на локалитетот „Тајмиште", општина Зајас по јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - руди на железо на локалитетот „Тајмиште“ општина Зајас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/2012)…………………………... | 4 |
| 14. | **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2012/2013 година………….. | 4 |
| 15. | **Програма** за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година………………… | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 16. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде во закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се деде во закуп | 5 |
| 17. | **Правилник** за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа | 6 |
| 18. | **Листа** на опрема на која не се однесуваат мерките за забрана и ограничувања за пуштање на пазар во Република Македонија на електрична и електронска опрема како и максималните вредности за концентрација на опасни супстанции роковите до кои е дозволено присуство на одредени опасни супстанции во електрична и електронска опрема, нејзините составни делови и материјали | 12 |
| 19. | **Одлука** за престанок на мандатот член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија | 22 |
| 20. | **Одлука** за одземање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на топлинска енергија на Топлификација АД Скопје | 22 |
| 21. | **Одлука** за одземање на лиценца за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија на ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје | 22 |
| 22. | **Одлука** за одземање на лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје | 22 |
| 23. | **Одлука** за одземање на лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје | 23 |
| 24. | **Одлука** за одземање на лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија на СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје | 23 |
| 25. | **Правилник** за начинот и условите за издавање на деловен простор под закуп со кој управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија | 23 |
| 26. | **Правилник** за начинот и условите за стекнување со право за доделување на станбен простор под закуп во домовите за живеење на корисници на пензија со кои управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија | 26 |
| 27. | **Решение** од Комората на извршители на Република Македонија | 28 |
| 28. | **Статут** на Стоматолошката комора на Македонија | 29 |
| 29. | **Објава** за движењето на индексот на трошоците на животот во Република Македонија во второто полугодие од 2012 година | 44 |
| 30. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Македонија за месец декември 2012 година | 44 |
| | **Огласен дел** | 1-52 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**7.**

Врз основа на член 257 од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12 и 171/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/05, 73/06, 40/07, 62/07, 42/09, 48/09, 38/10, 46/10, 61/10, 141/11, 147/11, 158/11 и 14/12), во членот 204-а ставот 3 се менува и гласи:

„Одредбите на членовите 4, 5, 36, 39, 40, 42 став (1), 43, 47, 49, 50 став (3) потстав 1), 52, 61, 83, 87 до 107, 109 до 116, 118 до 124, 126 до 155, 158 и 184 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.141/11), ќе отпочнат да се применуваат од 1 јуни 2013 година, а одредбите на членовите 1, 10, 19, 23 до 33, 41, 45, 50 став (3) потстав 2), 51, 53 до 60, 62 до 78, 159, 161 до 169, 173 до 177 и 189 од Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/11), ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2014 година.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-9819/1-12
3 јануари 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**8.**

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ број 8/05, 150/07, 35/11 и 166/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ГЕОЛОШКИ ЗАВОД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и престанува користењето на недвижна ствар сопственост на Република Македонија, која се наоѓа на ул. „Климент Охридски" бр.15 Скопје, на КП број 10074, КО Центар 1, видно Имотен лист број 96347 со вкупна површина од 381 м2 и тоа 134 м2 на приземје, 240 м2 на мезанин и 7 м2 помошни простории на мезанин.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење, без надоместог на Геолошки завод на Република Македонија.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Геолошки завод на Република Македонија, во рок од осум дена од денот на влегувањето на сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-29/1
3 јануари 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**9.**

Врз основа на член 15 став (5) и член 71 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2011, 53/2011 и 144/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, со непосредна спогодба на општина Центар, со седиште во Скопје, на ул.„Михаил Цоков“ бб, за градежно земјиште во вкупна површина од 1466 м2, кое претставува:

- дел од КП 11609/2, КО Центар 1, со површина од 76 м2, евидентирано во Имотен лист број 9314
- КП 11610, КО Центар 1, со површина од 551 м2, евидентирано во Имотен лист број 9314
- дел од КП 11611, КО Центар 1, со површина од 652 м2, евидентирано во Имотен лист број 98093
- дел од КП 11615/6, КО Центар 1, со површина од 181 м2, евидентирано во Имотен лист број 52400 и
- КП 11615/12, со површина од 6 м2, евидентирано во Имотен лист број 100222

кое согласно Извод од Детален урбанистички план за дел од локалитет „Буњаковец 1“, број 1556/2012, од 23.08.2012 година, за градежна парцела број 13.9 е наменето за изградба на Е2 – комунална супраструктура (катна гаража).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-61/1
3 јануари 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**10.**

Врз основа на член 36, став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 10/2010 и 51/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2012).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-62/1
3 јануари 2013 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**11.**

Врз основа на член 42, став (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2011, 53/2011 и 144/2012) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на Народна банка на Република Македонија се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кое претставува дел од КП 9506/2, КО Центар 1, со по-

вршина од 4313 м2, евидентирано во Имотен лист број 55186 и дел КП 9506/12, КО Центар 1, со површина од 27 м2, евидентирано во Имотен лист број 98607, односно вкупна површина од 4340 м2, согласно Извод од Детален урбанистички план „МАЛ РИНГ“, број 2612/2012, од 31.12.2012 година, за градежна парцела број 7.2.1, кое е наменето за изградба на државни институции.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надомест.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-63/1 | Претседател на Владата |
| 3 јануари 2013 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**12.**

Врз основа на член 54-а став (1) од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/2005, 150/2007, 35/2011 и 166/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за транспорт и врски му престанува користењето на движната ствар – идејно - решение „Палата Уника“ за изградба на објект.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Народна банка на Република Македонија.

Член 3

Министерот за транспорт и врски склучува договор со гувернерот на Народна банка на Република Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-64/1 | Претседател на Владата |
| 3 јануари 2013 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**13.**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” бр.6/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – РУДИ НА ЖЕЛЕЗО НА АД ТАЈМИШТЕ КИЧЕВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ “ТАЈМИШТЕ”, ОПШТИНА ЗАЈАС ПО ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИИ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - РУДИ НА ЖЕЛЕЗО НА ЛОКАЛИТЕТОТ “ТАЈМИШТЕ“ ОПШТИНА ЗАЈАС („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР.132/2012)

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- руди на железо на АД Тајмиште Кичево на локалитетот “Тајмиште”, општина Зајас по Јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина - руди на железо на локалитетот “Тајмиште“ општина Зајас („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/2012).

2. Постапката за доделување на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука се поништува од причина што во текот на евалуацијата на понудите за објавениот локалитет „Тајмиште“ општина Зајас имаше само една прифатлива понуда.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-10126/1-12 | Претседател на Владата |
| 3 јануари 2013 година | на Република Македонија, |
| Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р. |

**14.**

Врз основа на член 54 став 3 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05, 117/08, 17/11 и 135/11), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА СТИПЕНДИСТИТЕ И ВИСИНАТА НА СТИПЕНДИИТЕ ЗА УЧЕНИЦИ ЗАПИШАНИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2012/2013 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Македонија за учебната 2012/2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.132 /12) во членот 2 табелата се менува и гласи:

| Реден број | Вид на стипендија | Број на стипендии | Месечен износ на стипендијата во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Стипендија за талентирани ученици-спортисти | 120 | 2.700 |
| 2 | Стипендија за талентирани ученици од средното образование | 100 | 2.700 |
| 3 | Стипендија за ученици со посебни потреби | 50 | 2.500 |
| 4 | Стипендија за социјална поддршка на ученици | 400 | 2.000 |
| 5 | Стипендија за ученици-деца без родители | 60 | 2.500 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-10163/1-12 | Претседател на Владата
3 јануари 2013 година | на Република Македонија,
Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

**15.**

Врз основа на член 16, став 2 и став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012 и 145/2012), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.1.2013 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ СО ПЕНЗИЈА ПОНИСКА ОД ПРОСЕЧНАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА**

1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите како и заради обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за покривање на учеството (партиципацијата) при користењето на болничката здравствена заштита на граѓаните односно пензионерите со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување на грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите како и заради обезбедување на услови за лекување на пензионерите во болничките здравствени установи во Република Македонија.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките во оваа програма Владата на Република Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за 2013 година, во износ од 37.000.000,00 денари.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Надзор над спроведување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери со пензија пониска од просечната во Република Македонија за 2013 година, врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 41-93/1 | Претседател на Владата
3 јануари 2013 година | на Република Македонија,
Скопје | м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**16.**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11 и 95/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСВЕНОСТ КОЕ МОЖЕ ДА СЕ ДАДЕ ВО ЗАКУП И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГОЛЕМИНАТА НА ПОВРШИНАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ КОЕ МОЖЕ ДА СЕ ДАДЕ ВО ЗАКУП**

Член 1

Во Правиникот за поблиските критериуми за избор на најповолен понудувач на земјоделско земјиште во државна сопственост кое може да се даде под закуп и определување на големината на површината на земјоделското земјиште кое може да се даде под закуп („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/08 и 26/12), во членот 4 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок на став 2 на овој член, кога се доделуваат површини над 1000 ха на еден понудувач, под материјално техничката опременост се подразбираат предвидените капацитети за соодветното земјоделско производство согласно бизнис планот, за кој пред склучување на договорот за закуп се доставува изјава од понудувачот за реализација на бизнис планот и банкарска гаранција за исполнување на бизнис планот.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Материјално техничката опременост од член 1 на овој правилник се применува и на постапки за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп за кои пред влегување во сила на овој правилник не е склучен договор за закуп.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.22–185/1 | Министер за земјоделство,
3 јануари 2013 година | шумарство и водостопанство,
Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**17.**

Врз основа на член 131 став (6) Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/12 и 166/12), министерот за труд и социјална политика, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ, ОДНОСНО НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдена инвалидност, односно неспособност за работа (во натамошниот текст: Комисија за ревизија).

Член 2

(1) Комисијата за ревизија врши ревизија на наод, оцена и мислење за утврдена инвалидност, односно неспособност за работа врз основа на кои се остварува право на пензија, донесени од Комисијата за оцена на работната способност на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, како и на наодот на Комисијата за задолжителен контролен преглед.

(2) Комисијата за ревизија врши ревизија и на наод, оцена и мислење со кои не е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа, донесени од Комисијата за оцена на работната способност, по случаен избор.

Член 3

(1) Комисијата за ревизија образувана од министерот за труд и социјална политика по претходно објавен јавен повик на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика или во средствата за јавно информирање е составена од 21 член , истакнати медицински стручњаци, од кои 15 члена од следната специјалност: специјалист хирург, специјалист интернист, специјалист психијатар, специјалист по трудова медицина и специјалист ортопед.

(2) Комисијата од став (1) на овој член, работи во состав од седум члена кои се избираат по електронски пат, од кои пет члена треба да се од следната специјалност: специјалист хирург, специјалист интернист, специјалист психијатар, специјалист по трудова медицина и специјалист ортопед.

(3) Комисијата од став (1) на овој член избира три претседатели кои раководат со работата на составот. Изборот се врши на првата седница по образувањето на Комисијата.

(4) Покрај специјалноста на медицинските стручњаци од став (1) на овој член, во работата на Комисијата учествуваат медицински стручњаци и од други специјалности.

Член 4

(1) Комисијата за ревизија од член 3 став (1) од овој правилник се образува за период од една година.

(2) На член на Комисијата за ревизија може да му престане учеството во работата по негово барање или по барање на министерот за труд и социјална политика.

(3) Доколку избраниот член, односно претседателот на Комисијата за ревизија во текот на еден месец два пати не присуствува на седница на Комисијата, му престанува учеството во работата на Комисијата за ревизија.

Член 5

(1) Комисијата за оцена на работната способност најдоцна два дена по донесувањето на наодот, оцената и мислењето со кои е утврдена инвалидност односно неспособност за работа, заедно со целокупната медицинска и друга документација врз основа на која е донесен наодот, оцената и мислењето ги доставува до Комисијата за ревизија.

(2) Наодот, оцената и мислењето со кои не е утврдена инвалидност односно неспособност за работа донесени од Комисијата за оцена на работната способност заедно со целокупната медицинска и друга документација се доставуваат на увид и мислење на Комисијата за ревизија, по случаен избор, кој го врши составот на Комисијата за ревизија на последната седница во месецот за предметите кои ќе се доставуваат на мислење наредниот месец.

(3) Комисијата за задолжителен контролен преглед по извршениот контролен преглед, наодите и целокупната медицинска и друга документација ги става на увид и мислење на Комисијата за ревизија.

Член 6

(1) Комисијата за ревизија дава мислење врз основа на медицинската и друга документација содржана во предметот што и е доставен што е од влијание за утврдување на инвалидност односно неспособност за работа.

(2) По извршената ревизија, Комисијата за ревизија може да го потврди или да не се согласи со наодот и оценката и мислењето донесени од Комисијата за оцена на работната способност. Доколку Комисијата за ревизија не се согласи, во мислењето задолжително го образложува своето мислење.

(3) Забелешките дадени во мислењето од став (2) на овој член се задолжителни за Комисијата за оцена на работната способност и по истите донесува нов наод, оценка и мислење.

(4) Мислењето на Комисијата за ревизија треба да е јасно, образложено и да ги содржи сите факти кои од медицинско гледиште се од значење за донесување на оцена и мислење.

(5) Мислењето на Комисијата за ревизија се донесува на седницата на која се разгледува предметот што е доставен за ревизија.

(6) При вршењето на ревизијата, Комисијата за ревизија непосредниот лекарски преглед на осигуреникот, го врши најдоцна седум работни дена.

Член 7

(1) Изборот на составот на Комисијата по електронски пат од член 3 став (2) од овој правилник преку програмата “the hat” се врши од административно технички лица определени од министерот за труд и социјална политика, ден пред одржувањето на седницата и за истиот се води евиденција.

(2) Претседателот на составот на Комисијата од член 3 став (3) од овој правилник се избира по електронски пат преку програмата “the hat” од административно технички лица определени од министерот за труд и социјална политика, ден пред одржувањето на седницата и за истиот се води евиденција. За извршениот избор се известуваат претседателот и членовите на составот на Комисијата за ревизија.

Член 8

(1) Комисијата за ревизија работи во полн состав и донесува мислење со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

(2) Членот на Комисијата за ревизија што не се согласува со мислењето на мнозинството дава издвоено мислење со образложение.

(3) Комисијата за ревизија може да работи и кога се присутни повеќе од половината од нејзините членови и донесува мислење со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, во кој случај еден од членовите треба да е од областа соодветна на главната болест наведена во наодот, оцената и мислењето.

(4) Комисијата за ревизија одржува седници два пати во текот на една работна недела.

(5) Претседателот и членот на Комисијата за ревизија учествува најмногу до три седници на Комисијата во текот на еден месец.

Член 9

(1) Комисијата за ревизија мислењето го донесува на денот на седницата кога го разгледува предметот што и е доставен.

(2) Комисијата за ревизија по извршената ревизија во законски утврдениот рок во член 131 став (4) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, медицинската и друга документација, заедно со својата оцена и мислење ги доставува до Комисијата за оцена на работната способност.

Член 10

Кога Комисијата за оцена на работната способност и Комисијата за задолжителен контролен преглед постапуваат по забелешките дадени во постапка на ревизија и донесуваат нов наод, оцена и мислење, копија од новиот наод, оцена и мислење задолжително го доставуваат до Комисијата за ревизија.

Член 11

(1) Комисијата за ревизија дава мислење на Образец бр.1, и бр.2 кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

(2) Мислењата од став (1) на овој член може да се достават и во електронска форма до Комисијата за оцена на работната способност.

Член 12

(1) Административно-техничките работи на Комисијата за ревизија и евиденцијата за извршената ревизија и дадените мислења се водат и се координираат од страна на Министерството за труд и социјална политика.

(2) Административно-техничките работи опфаќаат:прием и распределување на предметите, подготвување мислење за извршена ревизија, припрема и преглед на предметите и актите за доставување по извршена ревизија, подготвување на списоци, записници за одржани состаноци и службени преписки.

(3) Евиденцијата за извршената ревизија опфаќа: реден број и број на предмет; датум на доставување на предметот; име и презиме на осигуреникот; матичен број на осигуреникот; мислење дадено во постапка на ревизија; датум на решавање на предметот во постапка на ревизија; поранешна оценка, односно наод, оцена и мислење од Комисијата за оцена на работната способност односно Комисијата за задолжителен контролен преглед.

Член 13

Комисијата за ревизија, за својата работа, најмалку еднаш годишно поднесува извештај до министерот за труд и социјална политика.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење со кој е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/10 и 19/11).

Член 153

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-8574/1
28 декември 2012 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Спиро Ристовски**, с.р.

ПРИЛОГ бр. 1

Комисијата за ревизија
на наод, оцена и мислење за утврдување
на инвалидност, односно неспособност
за работа

(ревизија на наод, оцена и мислење за
утврдување на инвалидност, односно
на неспособност за работа на Комисијата
за оцена на работната способност)

Во постапка на ревизија

Број ________
на ден _______ год.

Број на предмет
____________________

1. Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, врз основа на разгледување на наодот, оцената и мислењето на Комисијата за оцена на работната способност и врз основа на разгледаната медицинска и друга документација,го дава следното

МИСЛЕЊЕ

Наодот,оценката и мислењето на Комисијата за оцена на работната способност во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија бр. ________ од ______________ година
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
___________________________________________________________

2. Врз основа на медицинската и другата работна документација (и непосредниот преглед на осигуреникот: ____________________________________________
(име, татково име и презиме)

___________________________________ ____________________________
(место на живеење) (ЕМБГ)

Комисијата за ревизија утврди:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

3. Врз основа на даденото мислење се задолжува Комисијата за оцена на работната способност, при донесување на својот наод, оцена и мислење да постапува според следното:
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

Членови на Комисијата

1. ____________________
(име и презиме)

2. ____________________
(име и презиме)

3. ____________________
(име и презиме)

4. ____________________
(име и презиме)

5. ____________________
(име и презиме)

6. ____________________
(име и презиме)

Претседател на Комисијата

_________________________
(име и презиме)

ЗАБЕЛЕШКА

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

ПРИЛОГ бр. 2

Комисијата за ревизија
на наод, оцена и мислење за утврдување
на инвалидност, односно неспособност
за работа

(ревизија на наод, оцена и мислење за
утврдување на инвалидност, односно
на неспособност за работа на Комисијата
за задолжителен контролен преглед)

Во постапка на ревизија

Број ________
на ден _______ год.

Број на предмет
____________________

1. Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа, врз основа на разгледување на наодот, оцената и мислењето на Комисијата за задолжителен контролен преглед и врз основа на разгледаната медицинска и друга документација,го дава следното

МИСЛЕЊЕ

Наодот,оценката и мислењето на Комисијата за задолжителен контролен преглед бр. ______________ од__________година______________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________.

2. Врз основа на медицинската и другата работна документација (и непосредниот преглед на осигуреникот: ____________________________________________
(име, татково име и презиме)

____________________________________ (место на живеење)

_____________________________ (ЕМБГ)

Комисијата за ревизија утврди:
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________________

3. Врз основа на даденото мислење се задолжува Комисијата за задолжителен контролен преглед, при донесување на својот наод, оцена и мислење да постапува според следното:
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

Членови на Комисијата

1. ____________________
(име и презиме)

2. ____________________
(име и презиме)

3. ____________________
(име и презиме)

4. ____________________
(име и презиме)

5. ____________________
(име и презиме)

6. ____________________
(име и презиме)

Претседател на Комисијата

________________________
(име и презиме)

ЗАБЕЛЕШКА

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**18.**

Врз основа на член 9 став (3) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2012), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

## Л И С Т А
## НА ОПРЕМА НА КОЈА НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ МЕРКИТЕ ЗА ЗАБРАНА И ОРГАНИЧУВАЊА ЗА ПУШТАЊЕ НА ПАЗАР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА КАКО И МАКСИМАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈА НА ОПАСНИ СУПСТАНЦИИ РОКОВИТЕ ДО КОИ Е ДОЗВОЛЕНО ПРИСУСТВО НА ОДРЕДЕНИ ОПАСНИ СУПСТАНЦИИ ВО ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА , НЕЈЗИНИТЕ СОСТАВНИ ДЕЛОВИ И МАТЕРИЈАЛИ

Член 1

Со оваа листа се пропишува опремата на која не се однесуваат мерките за забрана и органичувања за пуштање на пазар во Република Македонија на електрична и електронска опрема како и максималните вредности за концентрација на опасни супстанции роковите до кои е дозволено присуство на одредени опасни супстанции во електричната и електронската опрема, нејзините составни делови и материјали.

Член 2

Опремата од член 1 е дадена во Прилог кој е составен дел на оваа листа.

Член 3

Оваа листа влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-10843/5
28 декември 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.

**Прилог**

Листа на опрема на која не се однесуваат мерките за забрана и органичувања за пуштање на пазар во Република Македонија на електрична и електронска опрема како и максималните вредности за концентрација на опасни супстанции роковите до кои е дозволено присуство на одредени опасни супстанции во електричана и електронската опрема , нејзините составни делови и материјали на кои не се применуваат мерките за забрана, односно се иземени од органичувања од член 9 став (1) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична електронска опрема.

| | Иземање | Опсег и датуми на примена |
|---|---|---|
| 1 | Жива во (компактни) флуоресцентни сијалици со единичен приклучок, што не надминува (по горилник): | |
| 1(а) | За општо осветлување < 30 W: 5 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 3,5 mg по горилник може да се користат по 31 декември 2011 година до 31 декември 2012 година; 2,5 mg по горилник треба да се користат по 31 декември 2012 година |
| 1(б) | За општо осветлување ≥ 30 W и < 50 W: 5 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 3,5 mg по горилник може да се користат по 31 декември 2011 |
| 1(в) | За општо осветлување ≥ 50 W и < 150 W: 5 mg | |
| 1(г) | За општо осветлување ≥ 150 W: 15 mg | |
| 1(д) | За општо осветлување со тркалезна или квадратна форма на структурата и дијаметар на цевката ≤ 17 mm | Без ограничување на употребата до 31 декември 2011 година; 7 mg по горилник може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 1 (ѓ) | За посебни цели: 5 mg | |
| 2(а) | Жива во линеарни флуоресцентни сијалици со двоен приклучок за општа употреба, што не надминува (по сијалица): | |

| | | |
|---|---|---|
| 2(а)(1) | Трифосфорни сијалици со нормален век на траење и дијаметар на цевка < 9 mm (на пр. Т2): 5 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 4 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 |
| 2(а)(2) | Трифосфорни сијалици со нормален век на траење и дијаметар на цевка ≥ 9 mm и ≤ 17 mm (на пр. Т5): 5 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 3 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 |
| 2(а)(3) | Трифосфорни сијалици со нормален век на траење и дијаметар на цевка > 17 mm и ≤ 28 mm (на пр. Т8): 5 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 3,5 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 |
| 2(а)(4) | Трифосфорни сијалици со нормален век на траење и дијаметар на цевка > 28 mm (на пр. Т12): 5 mg | Истекува на 31 декември 2012 година; 3,5 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2012 |
| 2(а)(5) | Трифосфорни сијалици со подолг век на траење (≥ 25 000 h): 8 mg | Истекува на 31 декември 2011 година; 5 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 |
| 2(б) | Жива во други флуоресцентни сијалици, што не надминува (по сијалица): | |
| 2(б)(1) | Линеарни халофосфатни сијалици со цевка > 28 mm (на пр. Т10 и Т12): 10 mg | Истекува на 13 април 2012 година |
| 2(б)(2) | Нелинеарни халофосфатни сијалици (сите дијаметри): 15 mg | Истекува на 13 април 2016 година |
| 2(б)(3) | Нелинеарни трифосфорни сијалици со дијаметар на цевка > 17 mm (на пр. Т9): | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 15 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 2(б)(4) | Сијалици за друго општо осветлување и за посебни цели (на пр. индукциски сијалици) | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 15 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| | Изземање | Опсег и датуми на примена |
| 3 | Жива во ладно катодни флуоресцентни сијалици и флуоресцентни сијалици со надворешни електроди (ЦЦФл И ЕЕФЛ) за посебни цели, што не | |

| | | |
|---|---|---|
| | надминува (по сијалица): | |
| 3(а) | Мала должина (≤ 500 mm) | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 3,5 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 3(б) | Средна должина (> 500 mm и ≤ 1 500 mm) | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 5 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 3(в) | Голема должина (> 1 500 mm) | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 13 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(а) | Жива во други неонски сијалици со низок притисок (по сијалица) | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година; 15 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(б) | Жива во натриумови светилки со висок притисок за општо осветлување што не надминува (по горилник) во светилки со подобрен индекс на рендерирање на боја Ra > 60: | |
| 4(б) -I | P < 155 W | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година;30 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(б) -II | 155 W < P < 405 W | Без ограничување на употребата до 31 декември 2011 година; 40 mg по ламба може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(б) -III | P > 405 W | Без ограничување на употребата до 31 декември 2011 година; 40 mg по ламба може да се користат по 31 декември 2011 година |

| | | |
|---|---|---|
| 4(в) | Жива во натриумови светилки со висок притисок за општо осветлување што не надминува (по горилник): | |
| 4(в)-I | P < 155 W | Без ограничување на употребата до 31 декември 2011 година; 25 mg по ламба може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(в)-II | 155 W < P < 405 W | Без ограничување на употреба до 31 декември 2011 година;<br>30 mg по сијалица може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(в)-III | P > 405 W | Без ограничување на употребата до 31 декември 2011 година; 40 mg по ламба може да се користат по 31 декември 2011 година |
| 4(г) | Жива во натриомови светилки со висок притисок (ХПМВ) | Истекува на 13 април 2015 година |
| 4(д) | Жива во металхалогени светилки (МХ) | |
| 4 (ѓ) | Жива во други неонски светилки за посебни цели коишто не се посочени во овој анекс | |
| 5(а) | Олово во стакло од катодни цевки | |
| 5(б) | Олово во стакло од флуоресцентни цевки чијашто содржина не надминува 0,2 % | |
| | Изземање | Опсег и датуми на примена |
| 6(а) | Олово како легура во челик за машинска обработка и галванзиран челик кој содржи 0,35 % олово | |
| 6(б) | Олово како легура во алуминиум кој содржи повеќе од 0,4% олово | |
| 6(в) | Бакарни легури кои содржат повеќе од 4 % олово | |
| 7(а) | Олово во спојки со висока температура на топење (те. легури на олово коишто содржат 85% или | |

| | | |
|---|---|---|
| | повеќе од 85% олово) | |
| 7(б) | Олово во спојки за сервери, системи за складирање и чување, мрежна инфраструктура за префрлање, пренос на сигнали и мрежно управување за целите на телекомуникации | |
| 7(в)-I | Електрични и електронски компоненти кои содржат олово во стаклен или керамички диелектрик, различен од керамички диелектрик на кондензатори на пример, пиезоелектрични елементи или во хемиски соединенија, кои претставуваат стаклена или керамичка матрица | |
| 7(в)-II | Олово во керамички диелектрик на кондензатори за напон од 125 V AC или 250 V DC, или повисок | |
| 7(в)-III | Олово во керамичкиот диелектрик на кондензатори за напон кој е понизок од 125 V AC или 250 V DC | Истекува на 1 јануари 2013 година и по овој датум може да се користи во резервни делови за ЕЕО, пуштена на пазарот пред 1 јануари 2013 година |
| 7(г)-IV | Олово во диелектрични керамички материјали од PZT за кондензатори кои се дел од интегрални кола или неповрзани полупроводници' | |
| 8(а) | Кадмиум и неговите хемиски соединенија во топлински осигурач за еднократна употреба | Истекува на 1 јануари 2012 година и по овој датум може да се користи во резервни делови за ЕЕО, пуштена на пазарот пред 1 јануари 2012 година |
| 8(б) | Кадмиум и соединенија во електрични контакти | |
| 9 | Шестовалентен хром како антикорозивен агенс во разладниот систем од јаглероден челик во апсорпциски фрижидери | |

| | | |
|---|---|---|
| | до 0,75% тежинска содржина во ладен раствор | |
| 9(б) | Олово во лагери и навлаки за компресори со разладно средство за системи за греење, вентилација, климатизација и ладење (HVACR) | |
| 11(а) | Олово, кое се користи во системи со контактни пинови кои се компатибилни со технологијата „C-press“ | Може да се користат како резервни делови за ЕЕО, пуштена на пазарот пред 24 септември 2010 година |
| 11(б) | Олово, кое се користи во системи различни од системите со контактни пинови кои се компатибилни со технологијата „C-press“ | Истекува на 1 јануари 2013 година и по овој датум може да се користи во резервни делови за ЕЕО, пуштена на пазарот пред 1 јануари 2013 година |
| 12 | Олово како материјал за обложување при термичка спроводливост од типот C-ring | Може да се користат како резервна делови за ЕЕО, пуштени на пазарот пред 24 септември 2010 година |
| 13(а) | Олово во бело стакло за примена во оптички апликации | |
| 13(б) | Кадмиум и олово во стаклени филтри и стакла кои се користат за стандарди за одразување | |
| 14 | Олово во спојки се состои од повеќе од два елементи за поврзување на пиновите и кукиштето на микропроцесори со содржина на олово над 80% и под 85% | Истекува на 1 јануари 2011 година и по овој датум може да се користат во резервни делови за ЕЕО, пуштени на пазарот пред 1 јануари 2011 година |
| | Изземање | Опсег и датуми на примена |
| 15 | Олово во спојки за создавање на сигурна електрична врска помеѓу полупроводничкиот кристал и носечкиот дел во кукиштето на интегрални кола од типот „flip chip“ | |
| 16 | Олово во линеарни светилки со цевки обложени со силикатни материјали | Истекува на 1 септември 2013 година |
| 17 | Оловен халогенид кој се користи како агент на емитување во неонски сијалици со висок | |

| | | |
|---|---|---|
| | интензитет (ХИД), наменети за употреба во професионалната репрографија | |
| 18(а) | Олово како активатор во флуоресцентен прав (содржина од 1% или помалку на олово) на неонски сијалици кои се користат како специјални сијалици за репрографија преку диазотипија, литографија, апарати за снимање на инсекти, апарати за фотохемични и лековити процеси кои содржат фосфори како што се SMS ($(Sr,Ba)_2MgSi_2O_7:Pb$) | Истекува на 1 јануари 2011 година |
| 18(б) | Олово како активатор во флуоресцентен прав (содржина од 1% или помалку на олово) на неонски сијалици кои се користат како светла за солариум, и кои содржат фосфори како BSP ($BaSi_2O_5:Pb$) | |
| 19 | Олово со PbBiSn-Hg и PbInSn-Hg во специфични соединенија како амалгам и со PbSn-Hg како амалгами во висококомпактните штедливи сијалици (ESL) | Истекува на 1 јуни 2011 година |
| 20 | Оловен оксид во стакло што се користи за поврзување на предните и задните супстрати на рамни флуоресцентни сијалици наменети за употреба во екрани со течни кристали (LCD) | |
| 21 | Олово и кадмиум во печатарски мастила за нанесување на емајл на стакла, како боросиликатно стакло и натриумско стакло | |
| 23 | Олово во завршни облоги на елементи со тенка смола освен конектори со смола 0,65 mm или помалку | Може да се користат како резервни делови за ЕЕО, пуштена на пазарот пред 24 септември 2010 година |
| 24 | Олово во спојки за лемење на машински обработени дискови и повеќеслојни керамички кондензатори врз основа на | |

| | | |
|---|---|---|
| | планарна матрица | |
| 25 | Оловен оксид во екрани со електронски рефлектори со површинска спроводливост (SED), кои се користат во конструктивни елементи, особено во споено стакло и стаклена цевка | |
| 26 | Оловен оксид во стаклената колба на сијалици за црна светлина (BLB) | Истекува на 1 јуни 2011 година |
| 27 | Оловни легури како спојки за конвертори, кои се користат во звучници со висока моќност (наменети за работа во текот на неколку часа на нивоа на акустична моќност од 125 dB SPL и повеќе) | Истекува на 24 септември 2010 година |
| 29 | Олово, кое се содржи во кристално стакло во согласност со барањата од Анекс I (категории 1, 2, 3 и 4) од Директива 69/493/ЕЕЗ на Советот( или кристално стакло во кое се содржи врзано олово. | |
| 30 | Легури на кадмиум во форма на спојки за електрична/механичка врска на електрични проводници, распоредени директно на звучната серпентина во претворачите, кои се користат во моќните звучници со нивоа на звучен притисок од 100 dB (A) и повеќе | |
| 31 | Олово во материјалот на спојките во рамните флуоресцентни светилки без жива (кои на пример кои се користат во ЛЦД, во декоративното или индустриското осветлување) | |
| 32 | Оловен оксид во споено стакло кое се користи за правење на прозоречни модули за аргонови и криптонови неонски ласерски цевки | |
| | Изземање | Опсег и датуми на примена |

| | | |
|---|---|---|
| 33 | Олово во спојки за лемење на тенки бакарни влакна со дијаметар 100 μm или помалку во енергетски трансформатори | |
| 34 | Олово во димензионални потенциометри врз основа на металокерамика | |
| 36 | Жива, која се користи како инхибитор против распрскување на катодата кај ДЦ плазма екрани со содржина до 30 mg по дисплеј | Истекува на 1 јули 2010 година |
| 37 | Олово во слој на високоволтажни диоди врз основа на маса од стакло, од легура со цинк борат | |
| 38 | Кадмиум и кадмиум оксид во дебелослојни пасти кои се користат на берилиум оксид, врзан со алуминиум | |
| 39 | Кадмиум во боја која конвертира II-VI LED диоди врз основа на соединенија II-VI (<10 μg Cd за mm 2 светлоемитувачка област) за употреба во цврсто осветлување или дисплејни системи | Истекува на 1 јули 2014 година |
| 40 | Кадмиум во фото-отпорници за аналогни опто-приклучници што се користат кај професионална аудио опрема | Истекува на 31 декември 2013' |

Забелешка: За утврдување, по потреба, на максималните вредности за концентрациите до кои се толерира присуството на олово, жива, кадмиум, хексивалентен хром, полибромирани бифенили (PBB) или полибромирани дифенилетери (PBDE) во конкретни материјали и компоненти на електричната и на електронската опрема , вредноста на максималната концентрација толерирана од маса по тежина во хомогени метеријали се: од 0,1% по тежина во хомогени материјали за олово, жива, , хексивалентен хром, полибромирани бифенили (PBB) или полибромирани дифенилетери (PBDE) и 0,01% по тежина за хомеогени материјали за кадмиум.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**19.**

Советот на јавните обвинители на Република Македонија, согласно член 10 и член 35 ст.1 т.6 од Закон за Советот на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/07), на седница одржана на 3.1.2013 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТОТ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

На Мираљем Асани, член на Советот на јавните обвинители на Република Македонија и заменик претседател на Советот на јавните обвинители на Република Македонија, му се утврди престанок на мандатот член на Советот поради избор на друга јавна функција – Судија на Апелациониот суд Гостивар.

II

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

СОР бр. 1/13
3 јануари 2013 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов**, с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**20.**

Врз основа на член 48, став 1, точка 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), и член 53 став 1 алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 31.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за производство и дистрибуција на топлинска енергија ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на топлинска енергија со евидентен број ТЕ-06.01.1/06, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со Одлука бр.02-932/1 од 30.6.2006 година, („Службен весник на РМ“ бр. 79/2006).

Лиценцата се одзема поради тоа што Друштвото престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-301/12
31 декември 2012 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

**21.**

Врз основа на член 48, став 1, точка 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), и член 53 став 1 алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 31.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија со евидентен број ТЕ-10.02.1/10, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со Одлука УП1 бр. 07-58 од 10.12.2010 година, („Службен весник на РМ“ бр. 160/2010).

Лиценцата се одзема поради тоа што Друштвото престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-302/12
31 декември 2012 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

**22.**

Врз основа на член 48, став 1, точка 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), и член 53 став 1 алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 31.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија со евидентен број ТЕ-08.03.1/09, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со Одлука бр. 02-2244/1 од 6.10.2009 година („Службен весник на РМ“ бр. 123/2009).

Лиценцата се одзема поради тоа што Друштвото престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-303/12
31 декември 2012 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

**23.**

Врз основа на член 48, став 1, точка 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), и член 53 став 1 алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 31.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ЗАПАД ДООЕЛ Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија со евидентен број ТЕ-07.03.1/09, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со Одлука бр. 02-2243/1 од 6.10.2009 година, („Службен весник на РМ“ бр. 123/2009).

Лиценцата се одзема поради тоа што Друштвото престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-304/12
31 декември 2012 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

**24.**

Врз основа на член 48, став 1, точка 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011), и член 53 став 1 алинеја 4 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр.143/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 31.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ ИСТОК ДООЕЛ Скопје, му се одзема лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со топлинска енергија со евидентен број ТЕ-09.03.1/09, издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, со Одлука бр. 02-2242/1 од 6.10.2009 година, („Службен весник на РМ“ бр. 123/2009).

Лиценцата се одзема поради тоа што Друштвото престанало да ги исполнува условите за вршење на енергетската дејност за која е издадена лиценцата.

2. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 11-305/12
31 декември 2012 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

## ФОНД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**25.**

Врз основа на член 157 став 1 точка 1, а во врска со член 185 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2012), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 24.12.2012 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП СО КОЈ УПРАВУВА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот и условите за издавање деловен простор под закуп, кој се наоѓа во домовите за живеење и клубовите за дневен престој на корисниците на пензија, како и друг деловен простор со кој управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. (во понатамошниот текст:Фондот).

Член 2

Деловниот простор од член 1 на овој Правилник може да биде издаден под закуп на домашни или странски правни или физички лица заради вршење стопанска или друга дејност, под услови пропишани со закон и овој Правилник.

II. УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА

Член 3

Висината на почетната цена за 1 $м^2$ на деловен простор наменет за издавање под закуп, се формира според следните критериуми:

1. Општина во која се наоѓа објектот,
2. Квалитет на градба и состојба на објектот,
3. Местоположбата на објектот во населеното место,
4. Површината на деловниот простор,

5. Местоположбата (катност) на деловниот простор во објектот во кој се наоѓа и

6. Движење на цените на закупнината во местото во кој се наоѓа деловниот простор.

За подрумските простории кои ќе се користат како самостоен деловен простор, закупнината ќе изнесува 50% од цената за приземје во истиот објект.

Доколку подрумските простории се составен дел на деловниот простор почетната цена ќе изнесува 35% од почетната цена на приземјето и намалена согласно член 4 став 1 точка 2 на овој Правилник.

Член 4

Висината на почетната цена за 1м² на деловниот простор се намалува на следниот начин:

1. Според катноста - согласно член 3 став 1 точка 5
   - мезанин ................................. 10%,
   - I кат ....................................... 15%,
   - II кат ..................................... 20%,
   - III кат и повисоко ................. 25%.

2. Според површината на деловниот простор, согласно член 3 став 1 точка 4
   - од 35 м² до 100м² .................. 10%,
   - од 100 м² до 250м²................. 20%,
   - над 250м² .............................. 25%.

Член 5

Висината на почетната цена на закупнината за 1м² на деловниот простор утврдена според критериумите од член 3 на овој Правилник одделно е прикажана во табелата што следи.

Трошоците за тековно одржување на деловниот простор и заедничките простории не влегуваат во цената на закупнината, односно истите се обврска на закупецот.

| **Пензионерски домови** | **почетна цена за 1м2 во евра** |
|---|---|
| 1 Скопје - Аеродром | 3,60 |
| 2 Скопје - Автокоманда | 3,60 |
| 3 Скопје - Ѓорче Петров | 3,60 |
| 4 Скопје - Чаир | 3,60 |
| 5 Гостивар, ул. „Чеде Филиповски“ | 3,50 |
| 6 Гостивар, ул. „18- ти Ноември“ ( Цвет ) | 3,50 |
| 7 Гевгелија | 3,00 |
| 8 Свети Николе | 1,80 |
| 9 Пробиштип | 1,80 |
| 10 Делчево | 2,00 |
| 11 Куманово | 3,00 |
| 12 Крива Паланка | 2,00 |
| 13 Прилеп | 3,60 |
| 14 Виница | 2,00 |
| 15 Кочани - филијала | 3,00 |
| **Клубови за дневен престој** | |
| 1 Шуто Оризари | 3,00 |
| 2 Драчево | 3,00 |
| 3 Куманово - населба | 2,40 |
| 4 Мак. Каменица | 1,50 |
| 5 Лозово | 2,40 |
| 6 Кочани | 1,20 |
| 7 Миравци | 1,20 |
| 8 Нов Дојран | 1,20 |
| 9 Богданци | 1,20 |
| 10 Негорци | 1,20 |
| 11 Струмица | 2,50 |

III. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ

Член 6

Постапката за издавање на деловен простор под закуп ја спроведува Комисија за издавање деловен простор под закуп (во понатамошниот текст: Комисија). Комисијата ја именува Директорот на Фондот.

Член 7

Комисијата е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици од Стручната служба на Фондот.

Комисијата се избира со мандат од четири години.

Член 8

Во надлежност на Комисијата се следните работи:

- распишува оглас за издавање на слободен деловен простор под закуп во согласност со одредбите на овој Правилник;
- донесува одлука за утврдување на најповолен понудувач;
- врши други работи во согласност со овој Правилник.

Член 9

Огласот за издавање деловен простор под закуп се објавува во два дневни весници, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик, а во еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Огласот за издавање на деловен простор под закуп трае 15 дена од денот на неговото објавување.

Член 10

Огласот за издавање деловен простор под закуп содржи:

- местоположба и површина на деловниот простор,
- времетраење на закупот,
- висината на почетната закупнина по м², изразена во евра, без ДДВ,
- жиро сметка на која се уплаќа депозит од едномесечна закупнина за учество на огласот, како и условот и рокот за враќање на уплатените средства,
- состојба во која се издава деловниот простор,
- начин на јавување на огласот,
- адреса за доставување на документите,
- начин на кој може да се види огласениот простор,
- назначување на приоритетна или дејност која не може да се врши во објектот.
- точен опис што треба да содржи понудата и како да се достави.

Член 11

Понудата треба да содржи:

- име, презиме и адреса за физичко лице
- назив и седиште на правното лице, жиро сметка, банка депонент и единствен даночен број,
- доказ за идентитет: фотокопија од лична карта за физички лица или тековна состојба за правни лица издадена од Централен регистар на РМ, не постара од шест месеци,
- потврда од надлежен суд дека врз правниот субјект не е отворана стечајна или постапка за ликвидација, не постара од 6 месеци,
- уплатница за депонираниот износ на име гаранција за учество на оглас,

- точно назначено за кој простор се конкурира и кој износ се нуди за м$^2$,

- за која дејност или намена се бара просторот.

Писмените понуди се доставуваат на адреса: Фонд на ПИОМ, ул. "Владимир Комаров" бр. 11, 1000 Скопје, со препорачана пратка или во архивата на Фондот, со назнака: ЗА ОГЛАС за издавање деловен простор под закуп. Во горниот лев агол на запечатениот плик да се назначи НЕ ОТВОРАЈ и редниот број под кој е објавен деловниот простор во огласот.

## IV. ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Член 12

Најповолна понуда се избира врз основа на:

- највисока понудена цена за 1м$^2$,

- дејноста која ќе се извршува, доколку според огласот е приоритетна.

Ненавремено доставени и некомплетни понуди Комисијата нема да ги разгледува.

Член 13

При изборот за најдобар понудувач доколку ги прифаќаат условите од најповолната понуда, предност имаат:

- постојните закупци под услов редовно да ги подмирувале обврските од договорите за закуп и доколку истите за деловниот простор се грижеле како совесни домаќини;

- понудувачот кој ќе извршува дејност во интерес на станарите (корисници на пензија) и истото е потенцирано во огласот.

Член 14

Комисијата, пристигнатите понуди ги разгледува во рок од 10 дена по завршување на огласот.

Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна ќе биде известен во рок од 8 дена по завршување на постапката за избор на најповолна понуда, и со истиот ќе биде склучен Договор за закуп по конечноста на Одлуката.

Комисијата е должна да ги извести понудувачите чии понуди не се прифатени со објаснување за причините за неприфаќање на истите.

Член 15

Доколку на огласот за издавање на деловен простор под закуп нема заинтересирани понудувачи, деловниот простор, повторно ќе се огласи во иста постапка според член 8 и 9 од овој Правилник.

Доколку на повторното огласување на деловниот простор нема заинтересирани понудувачи, деловниот простор може да се издаде со непосредна спогодба (по доставено барање/понуда од заинтересираниот закупец), помеѓу Фондот и заинтересиран субјект при што почетната цена за 1м$^2$ може да биде намалена до 30%.

Член 16

Против одлуката на Комисијата за избор на најповолна понуда, незадоволниот понудувач може да поднесе писмен приговор во рок од 8 дена по приемот на известувањето.

Приговорот се поднесува до Управниот одбор на Фондот преку Комисијата за издавање деловен простор под закуп.

Одлуката на Управниот одбор на Фондот е конечна.

## V. ДОГОВОР ЗА ЗАКУП

Член 17

По конечноста на Одлуката за издавање на деловен простор под закуп, Фондот и најповолниот понудувач склучуваат Договор за закуп.

Со Договорот за закуп се уредуваат односите помеѓу Фондот како закуподавец и закупецот, како и други прашања кои се карактеристични за издадениот деловен простор под закуп во поглед на намената и начинот на користење на истиот.

Договорот за закуп во име на Фондот го склучува Директорот на Фондот или од него овластен работник.

Член 18

Доколку во рок од 8 дена по конечноста на одлуката, субјектот кој е избран за најповолен, не се јави да склучи Договор за закуп, ќе се смета дека се откажал од деловниот простор и депонираните средства за учество на огласот нема да бидат вратени.

Во случај кога избраниот најповолен понудувач писмено се откажува од деловниот простор, деловниот простор ќе биде доделен на следно рангираниот понудувач.

На учесниците на огласот кои нема да бидат избрани, депонираните средства за учество на огласот ќе им бидат вратени во рок од 8 дена по завршувањето на постапката.

Член 19

Договорот за закуп е со важност до 5 години и во него се вградени одредбите од Законот за облигациони односи.

Закупецот дава изрична изјава дека се согласува, договорот за закуп на деловниот простор да претставува извршна исправа и врз основа на истиот да може да се спроведе присилно извршување врз неговиот имот и присилно иселување доколку Договорот биде раскинат заради неисполнување на обврските кои произлегуваат од Договорот.

Трошоците за нотарска заверка на Договорот ги сноси закупецот.

Член 20

Договорот за закуп престанува да важи:

- со изминување на рокот за кој што е склучен

- ако со одлука на суд или друг државен орган на закупецот му е изречена мерка забрана за вршење на дејност,

- по писмено барање на закупецот,

- поради непочитување на обврските од договорот.

Член 21

На подрачјата на општините во кои постојат пензионерски домови со кои управува Фондот, на здружението на пензионери во рамките на општината, Фондот ќе им додели деловен простор за извршување на нивната дејност со склучување на договор за користење на истиот без надомест за закуп.

Член 22

Со влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите и начинот за издавање на деловен простор под закуп со кој управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на РМ" бр. 54/11, 149/11).

Член 23

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-7336/1 Управен одбор
24 декември 2012 година Претседател,
Скопје **Ацо Стојанов**, с.р.

___

**26.**

Врз основа на член 157 став 1 точка 1, а во врска со член 185 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2012), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 24.12.2012 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТАНБЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП ВО ДОМОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ НА КОРИСНИЦИ НА ПЕНЗИЈА СО КОИ УПРАВУВА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, условите и постапката за стекнување со право и доделување станбен простор под закуп кој се наоѓа во домовите за живеење на корисниците на пензија, со кои управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот).

Член 2

Стан на користење под закуп, во домовите за живеење на корисниците на пензија, може да добие само корисник на пензија од Република Македонија и корисник на пензија со неговиот сопружник, кои можат самостојно да се грижат за себе и не им е потребна нега од трето лице (во понатамошниот текст: корисник на стан).

Член 3

За користење на стан под закуп, закупецот плаќа закупнина чија висина ја утврдува Управниот одбор на Фондот, дадена во табелата што следи.

| | Пензионерски домови | цена за 1м2 во денари |
|---|---|---|
| 1 | Скопје | 23,00 |
| 2 | Гостивар | 23,00 |
| 3 | Гевгелија | 20,00 |
| 4 | Прилеп | 20,00 |
| 5 | Кочани | 19,00 |
| 6 | Виница | 20,00 |
| 7 | Делчево | 20,00 |
| 8 | Куманово | 22,00 |
| 9 | Крива Паланка | 22,00 |
| 10 | Свети Николе | 18,00 |
| 11 | Пробиштип | 20,00 |

II. ОРГАНИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ СТАНБЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

Член 4

Постапката за стекнување со право за користење на стан под закуп во домовите за живеење на корисниците на пензија со кои управува Фондот, ја спроведува Комисија во сите Филијали на Фондот каде што има домови за живеење на корисници на пензија.

Комисијата е составена од претседател и двајца членови и нивни заменици, со мандат од четири години.

Комисијата ја именува Директорот на Фондот, при што за претседател на комисијата се именува раководителот на Филијалата.

Еден член и негов заменик директорот ги именува на предлог на раководителот на Филијала, додека вториот член и неговиот заменик се именува на предлог на здружението на пензионери од Општината во која се наоѓа домот.

Член 5

Комисијата полноважно работи и одлучува со мнозинство гласови.

Седниците на Комисијата ги свикува и со нив раководи председателот на комисијата.

Член 6

Комисијата ги врши следните работи:
- објавува оглас за слободни станови,
- ги разгледува и врши бодирање на пристигнатите барања,
- утврдува фактичка состојба на лице место,
- утврдува ранг листа,
- донесува решенија и ги известува барателите.

Огласот за издавање на станбен простор се истакнува кога има слободни станови во домот, а нема баратели на ранг листата.

Огласот се истакнува на огласна табла во Филијалата на Фондот, во пензионерскиот дом и во здружението на пензионери на територијата на Филијалата.

Член 7

Поднесување барање по огласот за стекнување со право за користење на стан под закуп во домовите за живеење на корисници на пензија се врши во рок од 15 дена од денот на огласувањето.

Кога има формирана ранг – листа на баратели за сместување во стан во пензионерски дом, во тој случај не се објавува оглас.

Барањето се поднесува до Комисијата, преку Филијалата на Фондот во Општината во која живее корисникот на пензија.

Член 8

Кон барањето се приложуваат следните документи:
- доказ дека барателот е пензионер,
- венчаница или извод на умрени,
- уверение од УЈП за остварени приходи,
- потврда за имотна состојба од Агенција за катастар на недвижности,
- имотен лист - ако е потребен,
- уверение за историски преглед - движење на имот ако е,
- решение за развод,
- лична карта за себе и за брачниот другар (на увид),
- доказ за имотна состојба пред да остане без имот (договор за отуѓување на имотот ако поседувал барателот или брачниот другар),

- договор за закуп ако живее во изнајмен стан,
- потврда од лекар за психофизичка состојба на барателот,
- членови на потесно семејство со лични податоци.

Комисијата има право да побара и други документи и докази, доколку оцени дека се од битно значење за донесување на правилна одлука.

Член 9

При објавување на оглас за слободни станови за живеење на корисници на пензија, Комисијата е должна да одлучи по поднесените барања во рок од во рок од 30 дена по завршувањето на огласот.

## III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО ЗА СМЕСТУВАЊЕ ВО ПЕНЗИОНЕРСКИТЕ ДОМОВИ

Член 10

Становите во домовите за живеење на корисниците на пензија со кои стопанисува Фондот се наменети за категорија на пензионери со ниски примања.

Член 11

За стекнување со право за сместување во дом за живеење на корисниците на пензија, барателите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- да не поседува имот на свое име и на име на сопружникот, најмалку 5 години до денот на поднесување на барањето;
- да не поседувал стан или куќа поголема од 100 м², без оглед кога е отуѓена,
- да припаѓа во категоријата на пензионери со ниски примања;
- да може самостојно да опстојува и да се грижи за одржување на станот.

Исполнувањето на горенаведените критериуми треба да е поткрепено со документација издадена од соодветни надлежни институции.

Член 12

Некомплетни и ненавремено доставени барања нема да се разгледуваат, а барателите ќе бидат писмено известени.

Корисникот на пензија кој не ги исполнува условите за стекнување со право за сместување во дом ќе биде писмено известен, по завршувањето на постапката.

Против одлуката на комисијата незадоволниот барател може да поднесе приговор, во рок 15 дена, преку првостепената комисија до Второстепената комисија.

Второстепената комисија ја именува Управниот одбор на Фондот на ПИОМ, од вработените во Стручната служба на Фондот, со мандат од четири години.

Второстепената комисија е должна да одлучи по приговорот во рок од 30 дена.

Решението на второстепената комисија е конечно.

Доколку подносителот на приговорот и со ова решение е незадоволен може да покрене управен спор согласно Законот за општа управна постапка.

## IV. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТАН ЗА КОРИСТЕЊЕ ПОД ЗАКУП

Член 13

Од сите баратели кои се стекнале со право за сместување во домовите за живеење на корисници на пензија, комисијата подготвува ранг листа за редоследот (приоритетот) на доделување стан.

Член 14

Ранг листата се составува врз основ на остварени бодови согласно следните критериуми:

- за висина на примања (пензија) до......... 50 бодови,
- за услови на живеење (кирија, во колкав простор, број и возраст на членови на семејство со кое живее) до........................................................................ 30 бодови,
- период на чекање за сместување до...... 20 бодови.

За формирање на ранг листа, Комисијата излегува на терен со посета на потенцијалниот корисник на стан и користи податоци од Стручната служба на Фондот (за висината на пензијата).

Ранг листата е достапна на увид на лицата кои се стекнале со право за сместување во дом за живеење на корисници на пензија.

Член 15

Начин на бодирање:

- за висина на пензија до 10.000,00 ден...50 бодови
- за висина на пензија од 10.001,00 до 15.000,00 ден. ..................................................................... 30 бодови
- за висина на пензија од 15.001,00 до 20.000, 00 ден. ..................................................................... 20 бодови
- за висина на пензија повисока од 20.000, 00 ден. ..............................................................................10 бодови
- за времето на чекање, барателот добива по 5 бодови за секоја година на чекање
- условите на живеење се бодираат во согласност на оценката на комисијата која врши увид на лице место, при што се цени големината на просторот, бројот на членови во домаќинството и возраст на членовите на семејството.

Член 16

Сметувањето на барателите од ранг листата во домовите за живеење на корисници на пензија лоцирани во Скопје, го врши од Одделението за стопанисување со имотот на Фондот.

Сместувањето на барателите од ранг листата во домовите за живеење на корисници на пензија лоцирани на подрачјето на останатите Филијали и Деловници, го врши првостепената Комисија.

Ранг листата се ажурира најмалку еднаш годишно од страна на Одделението за стопанисување со имотот на Фондот.

Член 17

Доколку повеќе корисници на пензија имаат ист број на бодови, предност има оној кој прв поднел барање.

Еднаш стекнатото право за сместување во дом за живеење на корисниците на пензија е трајно, доколку не настанат промени во врска со критериумите од член 10 и 11 на овој Правилник.

Во врска со предходниот став комисијата еднаш годишно врши проверки во статусот на пензионерите кои се стекнале со право за сместување, а сеуште не се сместени во домовите.

Член 18

Врз основ на конечна одлука за стекнување со право за користење на стан во дом за живеење на корисници на пензија и конечната ранг листа, Фондот и закупецот склучуваат договор за закуп.

Договорот за закуп на стан се склучува во писмена форма и истиот во име на Фондот го потпишува директорот на Фондот или од него овластен работник.

Член 19

Договорот за закуп на стан во дом за живеење на корисници на пензија ги содржи следните податоци:

- договорни страни,
- основ за склучување на договорот,
- домот за живеење на корисници на пензија во кој се наоѓа станот, спрат, број, површина на станот и износот на закупнината,
- датум на почеток на важноста на договорот,
- место и датум на склучувањето на договорот,
- правата и обврските на закупецот за користење на заедничките простории и уреди во домот,
- обврските на закупецот за наменско користење на станот, тековното одржување,
- редовно плаќање на сметките за потрошена електрична енергија, топлинска енергија, вода како и одржувањето на хигиената во заедничките простории, лифтови и скалила.
- трошоците за нотарска заверка на договорот ги сноси закупецот.
- изјава (како прилог кон договорот) дека: овој договор претставува Извршна исправа и за непостапување по договорот може да се превземат извршни дејствија.

Член 20

При вселувањето односно примопредавање на станот се изготвува записник во кој се констатира состојбата во која станот се предава односно прима.

Записникот е составен дел на договорот.

Евентуално направена штета во станот како и предизвикана штета кај состанарите, ја надоместува корисникот на станот кој ја предизвикал.

Член 21

Фондот може да го раскине договорот со закупецот во следните случаи:

- станот се користи спротивно на одредбите од договорот за закуп или на начин со кој станот, заедничките простории или уреди, по вина на закупецот се уништуваат;
- не дозволува во станот да се извршат работи што се неопходни за отстранување на дефектите во тој или друг стан, а тие неможе да се отстранат на друг начин;
- го издаде станот или дел од станот во подзакуп;
- го користи станот со лица кои не се наведени во договорот;
- врши преправки и адаптации без добиена согласност од Фондот;
- го користи станот на начин со кој се попречува или оневозможува на другите корисници нормално и мирно користење;
- не ги плаќа редовно трошоците за користењето на станот, заедничките простори и уреди;
- не го користи станот подолго од четири месеци во текот на годината, а отсуството не е заради лекување или нема одобрение од Фондот;
- не доставува секоја година уверение за психофизичката здравствена состојба;
- не ја одржува хигиената во станот, терасата и заедничките простории.

Закупецот, корисник на станот може да го раскине договорот во секое време, со писмено известување и доказ дека ги има подмирено сите обврски спрема Фондот и другите трошоци, заклучно со денот на примопредавање.

Трошоците за евентуално присилно извршување и иселување се на товар на закупецот.

Член 22

Откажување на договорот поради причините наведени во член 21 од овој правилник, следи по претходна опомена со даден рок, во кој рок закупецот не ги отстранил причините кои го предизвикале раскинувањето на договорот.

При откажување на договорот за закуп, закупецот се известува по писмен пат, со препорачана поштенска пратка.

Отказниот рок трае 30 дена од денот на известувањето.

Член 23

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот и условите за стекнување со право за доделување на станбен простор под закуп во домовите за живеење на корисници на пензија со кои управува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2011).

Член 24

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-7337/1 | Управен одбор |
| 24 декември 2013 година | Претседател, |
| Скопје | **Ацо Стојанов**, с.р. |

# КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**27.**

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 35/05 од 18.5.2005 година, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/2011), Комората на извршители на РМ на ден 2.1.2013 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се определува денот 9.1.2013 година за датум на почеток со работа на извршител Јорданчо Давитковски, именуван за подрачјето на Основен суд во Куманово, Основен суд во Кратово и Основен суд во Крива Паланка.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 2.11.2012 година лицето Јорданчо Давитковски е именувано за извршител за подрачјето на Основниот суд во Куманово, Основниот суд во Кратово и Основниот суд во Крива Паланка. На ден 31.12.2012 година Јорданчо Давитковски од Крива Паланка достави до Комората на извршители доказ за именувањето, повелба за именување и склучен договор за осигурување од одговорност.

Согласно наведеното, Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување, одлучи како во изреката на ова решение.

| | |
|---|---|
| Бр. 01 | Комора на извршители |
| 2 јануари 2013 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | **Гордан Станковиќ,** с.р. |

# СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**28.**

Врз основа на член 253 и 256 став 1 точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата седница одржана на 22.12.2012 донесе

## С Т А Т У Т НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се уредува името и седиштето на Комората; целите и задачите на Комората; органите на Комората, постапката за нивен избор, односно именување и причините и начинот на нивното отповикување, нивниот состав, надлежностите и начинот на одлучување; лицата кои ја застапуваат Комората во правниот промет; правата, обврските и одговорностите на членовите на Комората и нивите претставници во органите на Комората; начинот на обезбедување на финансиски сретства, потребни за извршување на задачите на Комората; начинот и постапката на определување на членарината и мерилата за нејзино определување; задачите на Комората кои се финансираат од членарината; постапката за измена на Статутот на Комората; другите општи акти и постапката за нивно донесување; начинот и обврските на членот при пристапувањето и истапувањето од Комората; и други работи значајни за стоматолошката дејност и професија.

Член 2

Стоматолошката комора на Македонија (во натамошниот текст Комора) е задолжителна, самостојна и независна професионална организација на сите доктори по стоматологија кои имаат лиценца за работа за вршење стоматолошка дејност како професија на територијата на Република Македонија.

Комората е основана со цел за заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и правата на докторите по стоматологија, за подобрување на квалитетот на здравствената заштита, следење на односот на здравствените работници кон општеството и граѓаните, да ги штити правата и професионалните интереси на докторите по стоматологија кои се нејзини членови и да се грижи за достоинството, угледот, интегритетот и унапредувањето на севкупната стоматолошка струка и професија и нејзиното правилно и чесно вршење.

Член 3

Комората се регистрира во Централниот регистар на Република Македонија.

Комората има својство на правно лице со права, обврски и одговорности во согласност со Законот за здравствената заштита, други закони и овој Статут.

Комората врши јавни овластувања во согласност со Законот за здравствената заштита.

Комората делува на целата територија на Република Македонија и ги застапува интресите на сите доктори на стоматологија кои се членови на Стоматолошката комора на Македонија.

Работата на Комората и нејзините органи е јавна.

### II. ИМЕ (НАЗИВ) И СЕДИШТЕ

Член 4

Називот на Комората е: „Стоматолошка комора на Македонија”.

Скратениот назив на Комората е „СКМ“.

Името на Комората на англиски јазик е “Dental Chamber of Macedonia”.

Седиштето на Комората е во Скопје.

На објектот во кој е сместена Комората се истакнува натпис со името и знакот на Комората.

Член 5

Комората има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со закон и овој Статут.

Во правниот промет со трети лица Комората истапува самостојно во свое име и за своја сметка со свои сретства.

Комората има право да се стекнува со свој имот и имотни права и со нив самостојно да располага.

Средствата за работа Комората ги стекнува на начин утврден со Законот за здравствената заштита и овој Статут.

Член 6

Комората ја претставува и застапува во правниот промет претседателот на Комората.

Во отсуство на претседалот на Комората, во рамките на неговите овластувања, Комората во правниот промет ја застапува и претставува заменик - пртседателот на Комората.

Член 7

Комората има знак (амблем) којшто има тркалезна форма и симболизира стоматолошко огледалце во чија средината со стилизирани букви распоредени како змија на Ескулапова игла и е испишан скратениот назив на Комората.

Знакот на Комората е заштитен.

Член 8

Комората има печат и штембил.

Печатот на Комората има тркалезна форма, со пречник од 4 см., на чија внатрешна страна полукружно е напишано: „Стоматолошка комора на Македонија” - Скопје. Во средината на печатот се наоѓа знакот на Комората.

Штембилот на Комората има правоаголна форма со дијаметар 30 мм, во кој хорозонтално е испишан називот и седиштето на Комората, потоа има линија со празен простор за впишување на број и датум на деловодниот протокол.

### III. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА КОМОРАТА

Член 9

Целите на Комората се:

1. заштита и унапредување на стручноста и етичките должности и права,
2. подобрување на квалитетот на стоматолошката здравствена заштита,
3. заштитата на интересите на стоматолошката професија,
4. следење на односот на докторите по стоматологија кон општеството и граѓаните,
5. заштита на правата и професионалните интереси на докторите по стоматологија,

6. грижа и унапредување наа достоинството, угледот, интегритетот на докторите по стоматологија,

7. обезбедување на организиран настап на докторите на стоматологија пред државните органи, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, здравствените установи, производителите и добавувачите на медицинска опрема,

8. унапредувањето на севкупната стоматолошка струка и професија за нејзино правилно и чесно вршење,

9. дава предлози и сугестии за организирање на стоматолошката здравствена заштита на сите нивоа и пред институциите на системот, а се во интерес на граѓаните и на докторите стоматолози на територијата на Република Македонија.

Член 10

Комората ги врши следните задачи:

1. се грижи за почитување на етичките и правните норми при вршењето на стоматолошката пракса и во тој правец го следи и надгледува спроведувањето на правилата на стоматолошка етика и деонтологија и презема мерки во случај на нивно прекршување,

2. се грижи за придржување кон моралните принципи, чесноста и неопходната преданост кон стоматолошката професија, за почитување на дисциплината во извршувањето на стоматолошката професија и за чување на докторската тајна,

3. го чува и унапредува угледот, достоинството, дигнитетот и општествената положба на докторите по стоматологија,

4. се грижи за одбрана на честа и независноста на стоматолошката професија,

5. издава, продолжува, одзема и обновува лиценци на доктори по стоматологија,

6. води регистар на издадени, продолжени, одземени и обновени лиценци за работа,

7. го утврдува начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и за формата и содржината на на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија,

8. ја утврдува висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа,

9. врши надзор над стручната работа на здравствените установи и другите установи кои вршат стоматолошка здравствена дејност и на здравствените работници и соработници,

10. води електронска и пишана евиденција и посебни досиеа на сите членови доктори по стоматологија,

11. соработува со Институтот за јавно здравје во врска со запишување на податоци во Регистарот на здравствените работници;

12. дава мислење до Министерството за здравство за планот и програмата за пробна работа на здравствените работници со високо образование - доктори по стоматологија, образецот и начинот на водење на книшката за пробната работа,

13. донесува Кодекс на стоматолошка етика и деонтологија,

14. донесува општи акти за кои е овластена со Законот за здравствената заштита и други закони,

15. ги определува едукаторите за спроведување на пробна работа кои се со соодветно високо образование и работно искуство во соодветната област на специјализација, под чиј надзор се спроведува пробната работа на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија,

16. ги утврдува поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат едукаторите и здравствените установи за спроведување на пробната работа во однос на образованието и работното искуство за здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија,

17.формира комисии за полагање на стручниот испит,

18. го утврдува составот на испитната комисија, начинот на полагање на испитот, начинот на проверка на стекнатите знаења и вештини и обрасците на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија,

19. решава за признавање на пробна работа и стручниот испит на докторите по стоматологија обавени и положени во странство,

20. ја утврдува програмата за дополнителна обука и проверка на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија, составот на испитната комисија и начинот на спроведување на проверката на стручните знаења,

21. избира и акредитира здравствени устануви за спроведување на дополнителната обука на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија;

22. ја спроведува проверката на стручните знаења и способности на здравствените работници со високо образование – доктори по стоматологија по спроведена дополнителна обука;

23. издава лиценца и членска карта на Комората, за своите членови, со единствен индивидуален регистарски број на докторот по стоматологија,

24. презема мерки за координирање на континуираната стручна едукација и се грижи за постојаното стручно усовршување и унапредување на стручноста на своите членови заради нивен континуиран професионелен развој и подигнување на квалитетот на здравствени услуги што ги нудат,

25. ги утврдува условите и критериумите за акредитација на организатори на КСЕ, условите за акредитација на плановите и програмите и распоредување на облиците на КСЕ, како и роковите во кои се доставуваат барањата за акредитација на организаторите на КСЕ и барањата за акредитација на плановите и прграмите за облиците на КСЕ,

26. предлага стратегија за развој на стоматологијата во Република Македонија, изготвува номенклатура, дијагностички и терапевтски протоколи на болестите во орофацијалната регија, учествува во подготвувањето на планските документи, законите, актите и прописите од областа на здравството во Република Македонија, како и при одредувањето и донесувањето на стандардите и нормативите на стоматолошките услуги, и соработува со надлежни органи и институциите при утврдувањето на стручни ставови во вршењето на стоматолошката дејност,

27. покренува и дава иницијативи за донесување и изградување на мислења и дава предлози по однос на закони, прописи и други мерки од областа на стоматолошката здравствената заштита,

28. учествува во изготвување на општите акти на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување кои се однесуваат на стоматолошката здравствена заштита согласно Законот,

29. учествува во утврдувањето на вредноста на трудот на докторите по стоматологија во процесот на договарање со Фондот за здравствено осигурување и учествува во утврдувањето на цените на стоматолошките здравствени услуги од задолжителното здравствено осигурување и дава мислење за нив,

30. донесува Ценовник за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во РМ на услугите кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување,

31. соработува со надлежни органи и институции при утврдувањето на стручни ставови во вршењето на стоматолошката практика.

32. ја поттикнува соработката меѓу членовите и ги разгледува и врши помирување во евентуалните спорови меѓу нив,

33. иницира и презема постапки во случај на неовластено и противзаконско вршење на стоматолошката дејност,

34. соработува со другите комори, институции, релевантни стоматолошки друштва и здруженија и други здруженија и асоцијации за работи од заеднички интерес, на териоторијата на Република Македонија и надвор од неа,

35. презема мерка за заштита на своите членови од монополски цени на пазарот за стоматологијата, за стоматолошката опрема, инструментариум и стоматолошки материјали,

36. овозможува и организира правна помош и заштита на своите членови во врска со вршењето на стоматолошката професија,

37. дава мислење и предлог до Министерството за образование и до стоматолошките факултети за бројот на запишани студенти по стоматологија и по однос на уписната политика,

38. предлага и дава мислења по однос на бројот и видовите на специјализациите на докторите по стоматологија,

39. дава предлози и мислење до Министерството за здравство за мрежата на стоматолошките установи каде се врши стоматолошката дејност,

40. издава периодично информативно-стручно списание од областа на стоматологијата,

41. соработува со државните органи заради остварување на целите и задачите на Комората,

42. врши и други задачи согласно законите, прописите, Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија и овој Статут.

## IV. ОРГАНИ НА КОМОРАТА

Член 11

Органи на Комората се: Собрание, Извршен одбор, Надзорен одбор, претседател на Комората, Суд на честа и обвинител на Комората.

Органите на Комората во рамките на својот делокруг на работа донесуваат правилници, одлуки, решенија, заклучоци, декларации, препораки, предлози, заземаат ставови и мислења во согласност со законите, Статутот и другите акти на Комората.

Член 12

Постапката за избор односно именување и начинот на отповикувањето на членовите на органите на Комората, како и престанувањето на нивниот мандат се уредени со Закон, овој Статут и акти на Комората.

При изборот на членови на органите на Комората треба да се имаат предвид личните квалитети на поединецот, соодветната застапеност на сите стоматолошки професионални профили, регионалната, половата и етничката застапеност на членовите на Комората, при што се применува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

Член 13

Мандатот на членовите на Собранието и на органите на Комората трае 4 (четири) години и почнува да тече од конститутивната седница на Собранието.

До изборот на нови органи, а најдолго три месеци од истекувањето на мандатот, членовите на органите на Комората продолжуваат да ги вршат своите задачи.

### 1. Собрание на Комората

Член 14

Собранието на Комората (во натамошниот текст: Собрание) е највисок орган на управување и одлучување на Комората.

Собранието го избираат членовите на Комората на непосредни, слободни и тајни избори.

Собранието го сочинуваат претставници (делегати) на членовите на Комората по принципот еден избран делегат на секои евидентирани 50 членови на Комората.

Секој кандидат, треба да достави писмен документ во кој ќе ја образложи моменталната состојба во регионалниот одбор, активности и мерки кои треба да се преземат и спроведат, поволности, подобрувања, придобивки или бенефити кои ќе се постигнат со реализација на мерките и активностите, начинот на неговото делување во работата на Комората и начинот на кој планира истото да го реализира.

Делегатите на Собранието се избираат од редот на членовите на Комората организирани во регионални одбори од единствениот избирачки список, со тајно гласање.

Докторот на стоматологија на кого му е одземена лиценцата во време на одржувањето на изборите нема право да избира, ниту да биде избран во Собранието или во друг орган на Комората.

Изборите на членовите на Собранието ги распишува претседателот на Комората најдоцна деведесет дена пред истекот на мандатот на Собранието.

Изборите ги подготвува и спроведува Изборна комисија која ја избира Собранието на Комората на седница.

Член 15

На членот во Собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран ако:

1. биде отповикан според услови утврдени со Деловникот за работа на Собранието,
2. даде оставка,
3. биде осуден на казна затвор во траење подолго од 6 месеци,
4. ако од Судот на честа биде осуден за потешко прекршување на Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија,
5. со престанок на членувањето во Комората.

Член 16

Собранието ги врши следните работи:
1. донесува Статут на Комората и врши измени и дополнувања на истиот,
2. донесува годишната програма за работа и финансискиот план,
3. одлучува за именувањето и отповикувањето на претседателот на Комората и на членовите на Извршниот и на Надзорниот одбор,
4. донесува Деловник за работа на Собранието,
5. донесува Кодекс на стоматолошката етика и деонтологија,
6. донесува Правилник за избори и отповикување на членови на органите на Комората,
7. гласа за доверба на претседателот на Комората на крајот од секоја календарска година после поднесувањето на годишниот извештај,
8. избира и разрешува членови на Суд на честа на Комората,
9. избира и разрешува обвинител и двајца заменици на обвинителот,
10. избира и разрешува десет бранители,
11. формира постојани и повремени работни тела (комисии, одбори, работни групи и слично) и избира и разрешува нивни претседатели и членови,
12. ја усвојува завршната сметка со финансов извештај,
13. усвојува извештаи по годишната програма и финасискиот план за работа на Комората,
14. ги разгледува извештаите на сите органи на Комората и ја оценува нивната работа,
15. ја утврдува висината на членарината и го определува делот од членарината потребен за работа на регионалните одбори на Комората,
16. разгледува и донесува одлуки, заклучоци, декларации, препораки, утврдува ставови и дава мислење во врска со прашањата значајни за работата на Комората, за работата на докторите на стоматологија и за стоматолошката здравствена заштита,
17. донесува акти што произлегуваат од Законот за здравствената заштита,
18. одлучува за поврзување и соработка на Комората со други сродни асоцијации во земјата и надвор од неа,
19. презема активности за спречување на нелегалната работа во стоматолошката дејност на предлог на органите на Комората,
20. одлучува за предвремено распуштање на Собранието, и
21. врши други работи утврдени со закони или со други акти на Комората.

Член 17

Собранието на Комората работи на седници.

Собранието може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови.

Собранието одлучува полноважно со мнозинството на гласови од присутниот број членови, а притоа ако гласале една третина од вкупниот број членови на Собранието.

За донесувањето на Статутот, негово изменување и дополнување, одлуката за распуштање на Собранието пред времето за кое е избрано и распишување на нови избори, донесувањето на финансискиот план, усвојувањето на финансискиот извештај и завршната сметка на Комората, утврдувањето на висината на членарината, Собранието одлучува со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

Одлучувањето во Собранието се врши со јавно гласање, освен ако Собранието не одлучи тоа да биде тајно.

Член 18

Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи претседателот на Собранието. Доколку претседателот е спречен од одредена причина да свика и раководи со седницата на Собранието, оваа улога ја пренесува со писмено полномоштво на еден од членовите на Собранието.

Седниците на Собранието се изборно- конститутивни, редовни и вонредни.

Начинот на свикување на седниците и начинот на нивното работење поблиску се регулира со Деловникот за работа на Собранието.

Член 19

Собранието на Комората има Деловник за работа. Со Деловникот за работа на Собранието се уредува начинот на свикување на седниците, начинот на испраќање на материјалите за седницата, времето на испраќање на матерјалите, начинот на водење на седницата, начинот на донесување на одлуките, редоследот на добивање на збор на членовите на Собранието, чување на дигнитетот на Собранието и на членовите на Собранието, почитувањето на предвиденото време за дискусија, чување на работна и конструктивна атмосфера во работењето, почитување на овластувањата на поедини органи при предлагање и донесување на одлуки и начинот на обезбедување на соработка на Собранието со претседателот на Комората, Извршниот одбор и начинот на извршување на одлуките на Собранието, како и други прашања поврзани со работатана Собранието.

Член 20

Претседателот на Собранието ги свикува седниците на Собранието и раководи со работата на Собранието.

Претседателот на Собранието ги потпишува сите одлуки и други акти кои ги донесува Собранието.

Во договор со претседателот на Комората и Извршниот одбор го предлагаат дневниот ред за седницата која ја свикува.

Соработува со претседателот на Комората и Извршниот одбор се грижи за извршување на одлуките што ги носи Собранието.

За сите донесени одлуки и други акти редовно ги информира регионалните одбори и Надзорниот одбор.

Соработува со претседателите на собраниските комисии и тела.

Дава предлог - програма за работа на Собранието во договор со претседателот на Комората и претседателот на Извршниот одбор.

Претседателот на Собранието се бира на конститутивна-изборна седница на предлог на дваесет избрани членови на Собранието.

Изборот за претседател се врши со јавно гласање и е избран е оној кандидат кој добил мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието.

Претседателот на Собранието може да биде отповикан на предлог од дваесет членови на собранието.

Член 21

Во работата на Собранието на Комората може да учествуваат и претседателот на Надзорниот одбор на Комората, претседателот на Судот на честа и Обвинителот на Комората и поканети претставници од стоматолошките факултети, релевантните стоматолошки друштва и здруженија, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, синдикатите за здравство и други институции и организации од областа на здравството, како и други поканети гости, но без право на одлучување и без право да бидат бирани во органите на Комората.

**2. Извршен одбор**

Член 22

Извршниот одбор е извршен орган на Комората и работи согласно со закони, Статутот и другите акти на Комората.

Член 23

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

Извршниот одбор ги врши следните работи:

1. предлага на Собранието донесување на програма за работа и финансиски план,
2. разгледува и донесува предлози на материјалите за седниците на Собранието на Комората,
3. ја спроведува програмата за работа и финансискиот план и другите одлуки на Собранието и за тоа го информира Собранието,
4. разгледува предлози на членовите за дејствување на Комората,
5. го следи спроведувањето на актите на Собранието на Комората,
6. утврдува предлози на акти што ги донесува Собранието и подготвува материјали, информации, анализи и предлози за седниците на Собранието,
7. му предлага на Собранието кандидати за избор и разрешување на членови на Судот на честа,
8. му предлага на Собранието членови на постојани и повремени комисии и други тела,
9. одредува листата на членови на Комисијата за спроведување на стручен надзор над стручната работа за период од една година врз основа на претходно објавен конкурс во гласилото на Комората.
10. донесува годишен план за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници,
11. расправа за извештаите на комисиите,
12. формира повремени комисии и работни групи за извршување на одделни работи од својот делокруг на работа,
13. предлага на Собранието донесување на програма за работа,
14. поднесува до Собранието извештај за работа,
15. утврдува предлог на финансиски план и го доставува до Собранието за негово донесување,
16. донесува одлуки за користење на средствата согласно финансовиот план на Комората,
17. управува со финансиските сретства,
18. поднесува финансиски извештај и завршна сметка до Собранието,
19. одлучува за висината на надоместоците за услугите што ги врши Комората,
20. одлучува за висината на надоместоците за услугите кои ги вршат лицата кои не се вработени во комората и за висината на платите на вработените по претходен предлог од претседателот на Комората,
21. разгледува и зазема ставови и дава насоки за развој на дејноста на Комората коишто влијаат врз унапредувањето на работењето на Комората,
22. на предлог од претседателот на Комората избира главен и одговорен уредник и редакциски одбор на гласилото, списанието или информаторот на Комората,
23. донесува Деловник за работа,
24. одредува здравствените установи каде што може да се одржи полагање на стручен испит од листата на акредитирани здравствени стоматолошки установи,
25. формира листа на акредитирани доктори за Комисија за стручен надзор,
26. донесува одлуки како второстепен орган, освен за работите кои се во надлежност на Судот на честа,
27. во соработка со К4 групата, како покровител, Стоматолошката комората го организира Конгресот за нови технологии и естетика во Стоматологијата,
28. врши други работи од неговиот делокруг утврдени со Статут или со други акти на Комората.

Член 24

Извршниот одбор е составен од 13 членови. Собранието избира 10 членови на предлог на претседателот на Комората, а по функција членови на Извршниот одбор се претседателот на Комората и двајцата потпретседатели.

Претседателот на Комората предлага кандидат за претседател на Извршен одбор кој го избира Собранието.

Член 25

Извршнот одбор работи на седници.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.

Претседателот на Извршниот одбор е должен да свика седница и по барање на претседателот на Комората или една половина од вкупниот број на членови на Извршниот одбор.

Извршниот одбор има кворум за работа ако на седницата присуствуваат мнозинство од неговите членови.

Извршниот одбор одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови.

Во работата на Извршниот одбор учествуваат претседателот на Комората, а по потреба и со покана и претседателите на другите органи, комисии и тела на Комората, без право на одлучување.

Начинот на работа на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

Член 26

Претседателот на Извршниот одбор ги врши следните работи:

1. свикува и раководи со седниците на Извршнот одбор,

2. подготвува седници на Извршнот одбор,

3. потпишува акти што ги донесува Извршнот одбор и се грижи за нивно спроведување,

4. подготвува материјали за седница на Собранието со членовите на Извршниот одбор и со претседателот на Комората,

5. редовно го информира претседателот на Комората за иницијативите и предлозите на Извршниот одбор, регионалните одбори, останатите органи и тела на Комората, како и поединци членови на Комората,

6. одлуките и другите акти на Извршниот одбор ги доставува до претседателот на Комората, регионалните одбори и другите органи и тела на Комората,

7. се грижи за спроведување на одлуките донесени од Собранието, и

8. подготвува извештај за својата работа и работата на Извршниот одбор.

Одлуките донесени од Извршниот одбор значајни за обврските и правата на докторите по стоматологија се објавуваат на web-страницата на Комората.

Член 27

Одлуките и заклучоците од седниците на Извршниот одбор, најдоцна 15 дена од денот на нивното донесување, се доставуваат до претседателот на Комората, до регионалните одбори и до Надзорниот одбор.

**3. Надзорен одбор**

Член 28

Надзорниот одбор врши надзор над законитоста на работењето и правилноста на работењето на Комората и тоа за:

1. користењето на сретствата на Комората и материјалното и финансиско работење на Комората,

2. остварувањето на правата и извршувањето на обврските на членовите на Комората,

3. благајничкото работење на Комората,

4. книгите и актите што се однесуваат на материјалната добивка и на имотот на Комората,

5. користењето на сретствата за работа на Стручната служба на Комората,

6. врши надзор врз работата на органите на Комората и врз финансиската работа на регионалните одбори,

7. врши и други работи определени со овој Статут и другите акти на Комората.

Надзорниот одбор за својата работа и за констатираната состојба поднесува извештаи до Собранието на Комората.

Член 29

Надзорниот одбор има пет члена кои се бираат од членовите на Комората.

Претседателот на Надзорниот одбор се избира од редот на членовите на Надзорниот одбор.

Член на Надзорен одбор не може истовремено да биде и член на Извршен одбор, на Судот на честа и на други постојани органи и тела на Комората.

Надзорниот одбор е одговорен за својата работа пред Собранието и му поднесува извештај по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Начинот на работата на Надзорниот одбор се утврдува со Деловник за негова работа.

**4. Претседател на Комората**

Член 30

Претседателот на Комората ги врши следниве работи:

1. ја претставува и застапува Комората и раководи со нејзината работа согласно овој Статут и законите,

2. се грижи за спроведување и извршување на одлуките донесени на седница на Собранието и бара редовни информации од Извршниот одбор,

3. се грижи одлуките и другите акти што ги носи Собранието да бидат засновани на закон, овој Статут и другите акти на Комората,

4. ја координира работата на Комората преку координација на работата на Извршниот одбор со другите органи и тела, комисиите и регионалните одбори на Комората,

5. поднесува писмен извештај за својата работа и за работата на органите и телата на Комората на крајот од годината,

6.се грижи за остварување на соработка со другите комори, стоматолошки здруженија, институции, органи и организации од областа на здравството,

7. ги потпишува сите документи од материјално и финансиско работење на Комората,

8. ги потпишува меморандумите, спогодбите и договорите што ги склучува Комората,

9. поднесува писмен извештај до Министерството за здравство за спроведувањето на јавните овластувања,

10. одржува редовни контакти со државните органи и институции, заради остварување на целите и задачите на Комората,

11. му предлага на Собранието избор и разрешување на претседател и членови на Извршниот одбор, на одборите и постојаните комисии,

12. дава согласност на предлогот на Извршниот одбор за избор на секретар на Стручната служба,

13. предлага два потпретседатели на Комората,

14. во консултација со Извршниот одбор донесува одлуки за материјалното-финансиско работење на Комората.

15. му предлага на Извршниот одбор кандидати за избор и разрешување на главен и одговорен уредник и уредувачки одбор на стручното гласило на Комората,

16. може да оспори извршување на одлука на Извршниот одбор на Комората доколку оцени дека е донесена спротивно на закон, овој Статут или на одлуките на Собранието, и во рок од 30 дена има обврска да го информира Собранието,

17. заедно со претседателот на Извршниот одбор и членовите на истиот, по востановениот редослед на К-4 групата, како покровител, го организира Конгресот насловен како: „Нови технологии во стоматологијата", и

18.врши и други работи утврдени со овој Статутот или со други акти на Комората.

Член 31

Претседателот на Комората го избира Собранието на Комората од редот на членовите на Комората.

Кандидатура за претседател може да поднесат најмалку три регионални одбори или 20 делегати на новиот собраниски состав после верификација на нивните мандати.

Предлогот за кандидат од страна на регионалните одбори мора да биде донесен на официјална седница на регионалниот одбор. Предлогот е важечки доколку гласале мнозинството од членови од регионалниот одбор.

Предлогот на регионалниот одбор, заедно со записникот од седницата на регионалниот одбор, мора да биде добро образложен за квалитетите на кандидатот којшто го предлагаат.

Кандидатот за претседател на Комората треба да биде познат стручњак од областа на стоматологијата, да има искуство во работењето со стручни органи во стоматологијата и да ужива углед во членството на Комората, како да има и способност да воспоставува соработки со институциите во државата кои имаат ингеренции во работата на стоматологијата, другите стручни здруженија и комори, и способност за воспоставување на меѓународна соработка на Комората.

Регионалните одбори своите предлози може да ги доставуваат најдоцна до 10 дена пред одржувањето на конститутивно - изборната седница во архивата на Стручната служба, а адресирана до Републичката изборна комисија на конститутивно изборната седница.

Републичката изборна комисија утврдува кои кандидати се предложени според пропишаните статутарни процедури и кои се прифатени предлози за претседател на Комората.

Кандидатите за претседател имаат обврска да поднесат пишана програма во која ќе ги изнесат своите ставови и активноста за решавање на проблемите во ингеренција на Комората.

Кандидатите, исто така, може во време од 10 минути да ја изнесат својата програма и на самата изборна седница.

Изборот за претседател го прави Собранието со тајно гласање. Избран е кандидатот кој добил мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието.

Постапката за избор на претседател подетално се разработува во Правилникот за избори и во Деловникот за работа на Собранието.

Член 32

Собранието на Комората бира двајца заменици на претседателот.

Заменик - претседателите се бираат од редот на членовите на Комората од страна на Собранието, по предлог на претседателот на Комората.

Заменик - претседателите го заменуваат претседателот на Комората за време на неговото отсуство. Кој од потпретседателите ќе го заменува претседателот, одлучува претседателот.

Претседателот одредени права, надлежности и одговорности може да пренесе на потпретседателите и да бара одговорност за извршување на правата и одговорностите.

Во случај претседателот предвреме да го заврши мандатот од која било причина, тогаш Собранието на предлог на три регионални одбори или 20 делегати на Собранието, одлучува кој ќе ја извршува функцијата претседател.

Член 33

Предлог за разрешување на претседателот на Комората, до Собранието, може да поднесат најмалку 20 делегати на Собранието и три регионални одбори.

**5. Суд на честа на Комората**

Член 34

Судот на честа е орган на Комората кој на барање од Обвинителот на Комората, согласно овој Статут и актите на Комората, расправа и одлучува за одговорноста на докторите по стоматологија за сторена повреда од етичка и деонтолошка и професионална гледна точка, за повредите на Законот, Статутот и Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија и непочитување на одлуките и актите на Комората.

За сторените повреди од став 1 на овој член, Судот на честа ги изрекува следните мерки кои се евидентираат во досието на сторителот на повредата:

1. опомена;
2. јавна опомена;
3. забрана за учество во работата на органите на Комората;
4. времено одземање на лиценца за работа;
5. трајно одземање на лиценцата.

Член 35

Судот на честа во вршењето на својата работа е независен и суди врз основа на Законот, Статутот на Комората, Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија, релевантните етички кодекси и меѓународни конвенции и Правилникот за надлежност, организација, постапка и работа на Судот на честа.

Член 36

Судот на честа го сочинуваат претседател и седум члена, кои на предлог на претседателот на Комората ги избира Собранието.

Членовите на Судот на честа се избираат од редот на членовите на Комората кои имаат работно искуство од најмалку пет (5) години и кои имаат углед во средината во која работат и живеат.

Во работата на Судот на честа можат да учествуваат и истакнати правници верзирани во судската практика, без право на одлучување.

Во Судот на честа не може да бидат избрани: претседателот на Комората, членовите на Извршниот и Надзорниот одбор, членовите на другите тела и комисии, како и вработените во Стручната служба на Комората.

Член 37

Судот на честа суди во судски совети.

Судот на честа е организиран во Првостепен судски совет составен од три члена и Второстепен судски совет составен од пет члена.

Претседателот на Судот на честа претседава со второстепениот судски совет.

Судот на честа во второстепен судски совет одлучува по повод жалба од одлуката од Судот на честа од прв степен.

Одлуките на Судот на честа во второстепениот судски совет се конечни.

**6. Обвинител на Комората**

Член 38

Собранието на Комората избира обвинител на Комората од редот на членовите на Комората.

Обвинителот има двајца заменици.

Член 39

Обвинителот на Комората има право и должност да поведе постапка против членот на Комората за кој постои правосилна пресуда за повреда на закон.

Во случај на повреда на Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија, обвинителот има право и должност да поведе постапка до Судот на честа против член на Комората.

Обвинителот го поднесува и застапува обвинувањето и е самостоен и независен во својата работа.

Член 40

Пријава за поведување постапка пред Судот на честа до Обвинителот на Комората може да поднесат: органите на Комората, регионалните одбори на Комората, Министерството за здравство, релевантните стоматолошки друштва и здруженија, директорот на јавна здравствена установа по претходно мислење од стручниот колегиум, работодавачот во приватна здравствена установа, Фондот за здравствено осигурување, оштетениот и обвинителот.

Член 41

Собранието избира 10 бранители на Комората од редовите на членовите на Комората.

Бранители на Комората ги бранат интересите на тужениот член на Комората во постапка пред Судот на честа.

Интересите на тужениот доктор пред Судот на честа може да ги брани и самиот обвинет, еден или повеќе од Бранителите на Комората и друго лице кое како експерт ќе го избере тужениот.

Член 42

Судот на честа води евиденција за изречените мерки за повредите на Законот, Статутот и Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија.

Судот на честа е одговорен за својата работа пред Собранието и му поднесува годишен извештај за својата работа.

Член 43

Организацијата, постапката и другите прашања во врска со работата на Судот на честа се уредуваат со акт донесен од Собранието.

V. КОМИСИИ НА КОМОРАТА

Член 44

Комората има постојани и повремени комисии, како помошни работни тела на Комората, кои се формирани согласно со овој Статут или со одлука на Собранието.

Комисиите за прашања од својата работа заземаат ставови и мислења, даваат предлози и препораки и донесуваат одлуки и заклучоци.

Член 45

Комората ги има следните постојани Комисии:

1. Комисија за стручни стоматолошки прашања;
2. Комисија за стоматолошка етика и деонтологија;
3. Комисија за економски прашања;
4. Комисија за анализа на стоматолошката професија и за развој на стоматолошкиот здравствен систем;
5. Републичка изборна комисија на Комората;
6. Комисија за стручен надзор;
7. Комисија за доделување награди;
8. Комисија за статутарни и правни прашања;
9. Комисија за издавачко информативна дејност;
10. Комисија за меѓународна соработка.

Член 46

Членовите на постојаните комисии ги избира Собранието на предлог на претседателот на Комората, од членството на Комората.

Повремените комисии се формираат за извршување на одделни задачи на Комората и со одлуката за формирање се определува составот, задачите и овластувањето на истите. Со завршувањето на задачите престанува постоењето на повремената комисија.

Комисиите од став 1 на овој член може да формираат свои работни групи.

По одредени прашања комисиите соработуваат меѓу себе и работат под координација на Извршниот одбор.

Начинот на работата на комисиите се регулира со посебен деловник за секоја комисија посебно.

Комисиите за својата работа се одговорни пред Собранието на Комората.

Член 47

Претседателите на комисиите поднесуваат извештај за работата на комисијата до Собранието и до претседателот на Комората и тоа најмалку еднаш годишно, на крајот од својот мандат и по барање на претседателот на Комората.

Член 48

Информација за донесените ставови, мислења, предлози, препораки, одлуки и заклучоци од одржаните седници на комисиите се доставуваат до Извршниот одбор, најдоцна 15 дена од нивното усвојување.

Член 49

Комисијата за стручни стоматолошки прашања:

1. предлага листа на едукатори и испитувачи, како и здравствени установи вклучени во процесот на едукацијата која е поврзана со обавување на пробната работа, полагањето на стручниот испит и лиценцирањето,
2. го определува составот на одделните комисии за стручен надзор од листата на членови на Комисијата за спроведување на стручен надзор определена од Извршниот одбор на Комората,
3. се грижи за унапредување на стручноста на членовите на Комората,
4. предлага теми и области за предавања поради подобрување на квалитетот на здравствената заштита,
5. изработува предлог на годишен план на стручни предавања, семинари, курсеви, симпозиуми и сл.,
6. врши акредитација на стручните предавања и врши вреднување во бодови на истите,
7. ги утврдува условите и критериумите за акредитација на организатори на КСЕ, условите за акредитација на плановите и програмите и распоредување на облиците на КСЕ, како и роковите во кои се доставуваат барањата за акредитација на организаторите на КСЕ и барањата за акредитација на плановите и прграмите за облиците на КСЕ,

8. ја планира, ја поттикнува и ја следи континуираната едукација во соработка со релевантните стоматолошки друштва и здруженија, со специјалистичките здруженија, стоматолошките факултети, Министерството за здравство и другите институции и организации во земјата и странство,

9. за одредени стручни прашања утврдува стручни ставови и ги усогласува со стоматолошките факултети, со релевантните стоматолошки друштва и здруженија, со Министерството за здравство и други релевантни здруженија и институции,

10. ја следи стручната работа на докторите на стоматологија со советување и предлага мерки за констатираните отстапувања од вообичаените стандарди на квалитет на здравствените услуги,

11. соработува со стоматолошките факултети, релевантните стоматолошки друштва и здруженија и со други здруженија и институции во земјата и странство,

12. формира комиси за полагање на стручен испит,

13. Комисијата за стручни прашања и предлага на Комисијата за етички и правни прашања по однос на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценците за работа,

14. врши и други работи во врска со стоматолошко - стручните прашања во рамките на задачите на Комората.

Комисијата ја сочинуваат претседател и шест членови.

Член 50

Комисија за стоматолошка етика и деонтологија:

1. се грижи за етичките должности и права на докторите по стоматологија при вршењето на стоматолошката пракса,

2. расправа, зазема ставови и предлага мерки во врска со етички прашања согласно Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија,

3. се грижи за чување на угледот, достоинството и дигнитетот на докторите по стоматологија.

4. Комисијата за етички и правни прашања, на предлог на Комисијата за стручни прашања, одлучува по однос на издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценците за работа на докторите по стоматологија,

5. се грижи за одбрана на честа и независноста на стоматолошката професија,

6. се грижи за придржување кон моралните принципи, чесноста и неопходната преданост кон стоматолошката професија,

7. се грижи за дисциплината во извршувањето на стоматолошката професија,

8. се грижи за чување на лекарската тајна,

9. го следи односот на докторите на стоматологија кон пациентите и се грижи за етичките аспекти на остварување на правата на пациентите,

10. се грижи за негување на колегијални односи меѓу докторите,

11. врши посредување и медијација за вонсудско решавање на споровите помеѓу члeновите на Комората и помеѓу поедини пациенти и членови на Комората,

12. врши работи поврзани со лиценцирањето и акредитацијата од областа на етички и деонтолошки аспект,

13. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората, и

14. следи и дава предлози за усогласување на одредбите на Кодексот со етичките норми на Светската здравствена организација и други меѓународни организации.

Комисијата ја сочинуваат претседател и шест членови.

Член 51

Комисијата за економски прашања

1. предлага износ на уписнина и за членарината и го доставува до Извршниот одбор,

2. предлага нацрт на финансов план на Комората и го доставува до Извршниот одбор,

3. предлага нацрт на финансов извештај и на завршна сметка на Комората и го доставува до Извршниот одбор,

4. дава предлози за финансиското работење на Комората,

5. предлага други извори на финансирање на Комората, и

6. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората или работи што ќе и ги довери Собранието.

Комисијата ја сочинуваат претседател и четири членови.

Член 52

Комисија за анализа на стоматолошката професија и за развој на стоматолошкиот здравствен систем:

1. го анализира општествено-правниот и социјалниот статус на докторите по стоматологија и на Извршниот одбор на Комората му предлагаат преземање на соодветни мерки,

2. ги анализира условите под кои работат докторите по стоматологија и на Извршниот одбор на Комората му предлага преземање на соодветни мерки,

3. се грижи за чување на угледот, достоинството, дигнитетот и општествената положба на стоматолошката професија,

4. предлага мерки со кои ќе обезбедува рамноправен статус на сите доктори по стоматологија независно од секторот (државен, приватен или под концесија) во којшто работат, во рамките на лиценците, согласно законските прописи,

5. предложува нормативни решенија врзани за вршењето на примарната стоматолошка здравствена заштита,

6. предлага нормативни решенија врзани за вршењето на специјалистичко-консултативната стоматолошка здравствена заштита,

7. предлага нормативни решенија врзани за закупот и концесијата на стоматолошките ординации,

8. покренува иницијатива за утврдување на минималната цена на трудот на докторите по стоматологија и истите ги предлага до Извршниот одбор,

9. ги анализира појавите на нелегално извршување на стоматолошката дејност и предлага преземање на мерки од страна на надлежниот орган на Комората,

10. зазема ставови и предлага решенија и за други работи што се од интерес на докторите на стоматологија,

11. го следи развојот на здравствениот систем,

12. предлага насоки и дава можни решенија за натамошен развој на здравствениот систем во Републиката со цел унапредување на состојбата на докторите и на пациентите,

13. ги следи и проучува искуствата на здравствените системи во соседните држави, во Европа и светот, и

14. обавува и други работи утврдени во овој Статут и другите акти на Комората.

Комисијата ја сочинуваат девет членови од кои три члена се од примарна стоматолошка заштита (приватен во мрежа, приватен надвор од мрежа и вработен во ЈЗУ), три члена се од специјалистичко-консултативна стоматолошка заштита (приватен во мрежа, приватен надвор од мрежа и вработен во ЈЗУ), два члена се од терциална стоматолошка здравствена заштита (стоматолошките факултети) и заменикот на претседателот на Комората, којшто е и претседател на оваа Комисија.

Член 53

Републичка Изборна комисија на Комората:

1. ги подготвува и спроведува изборите и отповикувањето на членовите во регионалните одбори, Собранието и органите на Комората,

2. дава упатства на регионалните комисии за прашања во врска со спроведувањето на изборите и отповикувањето,

3. пропишува обрасци за спроведување за изборот и отповикувањето,

4. дава објаснувања за примена на одредбите на Правилникот за спроведување на изборите,

5. го определува начинот на ракувањето и чувањето на изборниот материјал, и

6. ги сумира резултатите од изборите врз основа на извештаите од регионалните изборни комисии и резултатите од гласањето за избор на членови во одборите и делегати во Собранието на Комората,

7. го сумира резултатот од изборот на претседател на Комората.

Изборната комисија е составена од претседател, секретар и тројца членови.

Член 54

Комисијата за доделување награди:

1. распишува конкурс за доделување награди и признанија (плакети и благодарници),

2. ги разгледува пристигнатите предлози од регионалните одбори,

3. му предлага на Извршниот одбор на Комората да донесе одлука за доделување на плакети и благодарници на членови на Комората и физички лица и институции кои сорааботуваат со Комората и придонесуваат за афирмирање и за успешно остварување на функциите на Комората и слично.

Комисијата работи согласно одредбите од Правилникот за доделување награди.

Комисијата за награди е составена од претседател и четири члена.

Член 55

Комисија за статутарни и правни прашања

1. подготвува измени и дополнувања на Статутот и на другите акти на Комората и ги доставува до Извршниот одбор,

2. ги усогласува сите акти на Комората со Статутот на Комората,

3. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората или други работи што ќе и ги довери Собранието.

Комисијата е составена од претседател и четири члена.

Член 56

Комисија за меѓународна соработка:

1. воспоставува соработка со комори од други држави,

2. организира средби и разменува искустава со други комори,

3. предлага почесни членови на Извршниот одбор - претставници од други комори, и

4. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората или други работи што ќе и ги довери Собранието.

Комисијата е составена од претседател и четири члена.

Член 57

Комисија за издавачко информативна дејност:

1. учествува во издавањето на стручно-информативното гласило на Комората,

2. ги информира сите доктори по стоматологија за новините и актуелностите поврзани со работата на Комората,

3. информира за соработката на Комората со Министерството за здравство и Фондот за здравственото осигурување на Македонија за постигнатите договори,

4. организира и одржува прес - конференции по потреба, и

5. врши и други работи определени со Статутот и другите акти на Комората или други работи што ќе и ги довери Собранието.

Комисијата е составена од претседател и четири члена.

Член 58

Комисија за стручен надзор:

1. врши надзор над стручната работа на здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност,

2. врши надзор над стручната работа на здравствените работници и соработници заради контрола над стручната работа,

3. спроведува стручни упатства, оцена на стручната работа, како и процена на условите и начинот на укажување на здравствената заштита,

4. обавува и други работи утврдени со Закон со овој Статут и другите акти на Комората.

Комисија за стручен надзор е составена од од три члена. Во работата на Комисијата учествува и дипломиран правник.

Стручниот надзор по потреба над стручната работа го спроведува и комисија составена од пет члена. Во работата на Комисјата учествува и дипломиран правник.

VI. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

Член 59

Комората е организирана во регионални одбори кои опфаќа една или повеќе општини или дел од една општина, во зависност од бројот на докторите на стоматологија кои работат на подрачјето од регионалниот одбор.

**1. Регионални одбори**

Член 60

Регионалните одбори на Комората го претставуваат и организираат севкупното членство на докторите од една или повеќе општини или дел од општина.

Членовите на Комората се организираат во регионални одбори според местото на живеење.

Невработените членови се организирани во регионалните одбори на Комората според местото на живеење.

Член 61

Регионален одбор на Комората се формираат во: Берово со Делчево и Пехчево, Регионален одбор Битола со Ресен и Демир Хисар, Регионален одбор Велес, Регионален одбор Гевгелија со Валандово и Богданци, Регионален одбор Гостивар со Дебар, Регионален одбор Кавадарци со Неготино, Регионален одбор Кичево, Регионален одбор Кочани со Виница, Регионален одбор Куманово со Крива Паланка и Кратово, Регионален одбор Охрид, Регионален одбор Прилеп со Крушево и Македонски Брод, Регионален одбор Струга со Вевчани, Регионален одбор Струмица, Регионален одбор Свети Николе со Пробиштип и Македонска Каменица, Регионален одбор Тетово, Регионален одбор Штип со Радовиш.

Во Скопје се формираат следните Регионални одбори на Комората - Регионални одбори на градот Скопје со седишта во општините: Центар, Карпош со Ѓорче Петров и Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Чаир со Бутел и Шуто Оризари.

Член 62

Регионалните одбори на Комората ги спроведуваат актите, одлуките, ставовите и заклучоците на органите на Комората за своето подрачје и ги имаат следните задачи:

1. негуваат добри односи меѓу членовите на Комората и ги разрешуваат споровите меѓу нив,
2. доставуваат барање до Комисијата за етички и правни прашања на Комората за посредување и медијаторство во решавање на спорови меѓу стоматолозите кои не можеле да бидат решени во одборот;
3. покренуваат постапка пред Судот на честа,
4. примаат и разгледуваат иницијативи и предлози, и на барање на докторите на стоматологија од своето подрачје, ги доставуваат до органите на Комората,
5. го информираат Извршниот одбор за состојбата во својот регион,
6. водат евиденција за членовите на Комората од својот регион,
7. редовно да ги известуваат своите членови за активностите на Комората,
8. располагаат со сретствата на одборот во рамките на законот и актите на Комората,
9. спроведуваат изборни активности и избори за членови во органите на Комората согласно актите на Комората,
10. предлагаат до Извршниот одбор можни кандидати за членови на комисиите,
11. учествуваат во изработката на предлогот на мрежата на стоматолошки ординации и здравствени установи каде што се врши стоматолошка дејност на своето територијално подрачје,
12. преземаат мерки против нелегална работа во стоматологијата,
13. соработуваат со органите на Комората,
14. соработуваат со органите на локалната самоуправа и заедно со истите ги решаваат проблемите што ги засегаат докторите на стоматологија, и
15. вршат и други работи определени со Статутот и други акти на Комората.

Член 63

Регионалните одбори се состојат од најмалку пет члена и тоа претседател, заменик - претседател, секретар и најмалку два члена.

Претседателот ги води и координира работите и ги свикува седниците на регионалниот одбор.

Регионалниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Регионалните одбори најмалку еднаш годишно свикуваат собир на докторите на стоматологијата од своето подрачје на кој поднесуваат извештај за својата работа и на кој се повикуваат претставници на органите на Комората.

Член 64

Членовите на регионалните одбори, докторите по стоматологија, кои се членови на Комората, се избираат на собир на докторите по стоматологија - членови на Комората, со тајно гласање.

Кандидатите за членови на регионалните одбори, докторите ги предлагаат на Собир на докторите на стоматологија - членови на Комората.

Предлагачот дава образложение за својот предлог, презентирајќи ги неговите морални, стручни и организациони способности, и неговата препознатливост и достигувања во регионалниот одбор.

Предложениот делегат доколку ја прифати кандидатурата, ја образложува својата визија за работата во регионалниот одбор на СКМ и ја доставува во писмена форма.

Изборот се прави на собир на регионалниот одбор.

Изборот се смета за легитимен ако гласале мнозинство од членовите на регионалниот одбор кои се и членови на Комората.

Собирот има кворум за работа ако на него присуствуваат мнозинството членови на Комората од тоа подрачје.

Кандидат за член на регионален одбор на Комората може да биде секој член на Комората чија кандидатура ќе ја поддржат присутните членови на собирот на докторите на стоматологија.

За претседател, заменик - претседател, секретар и членови на регионален одбор се избрани кандидатите кои ќе добијат најмногу гласови меѓу предложените кандидати.

За претседател на регионален одбор е избран кандидатот кој добил најмногу гласови од избраните кандидати за членови во регионалниот одборот и тој истовремено станува претставник (делегат) во Собранието на Комората.

Начинот на избори за регионалните одбори и за претставници (делегати) во Собранието на Комората се регулира со Правилник за избори.

Член 65

Регионалните одбори се финансираат со дел од членарината на Комората определен со одлука на Собранието и согласно Правилникот за финансиско работење.

**2. Стручна служба на Комората**

Член 66

Стручните и административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на Комората ги врши Стручната служба на Комората.

Стручната служба на Комората врши работа во врска со спроведувањето на Статутот, одлуките, заклучоците и другите акти што ги донесуваат Собранието и органите на Комората, примената на законите и подзаконските акти што се однесуваат на работењето на Комората и остварувањето на нејзините цели и задачи; ги спроведува постапките за издавање, обновување, продолжување, одземање на лиценците за работи; го води и ажурира Регистарот; води писмена и електронска евиденција на сите доктори по стоматологија членови на СКМ; стручно ги подготвува сите предлози на акти, информации и други материјали што треба да бидат предмет на расправа пред органите на Комората и врши други работи во врска со работата на Комората.

Член 67

Работата на Стручната служба ја организира и ја раководи секретар на Стручната служба на Комората.

Секретарот на Стручната служба на Комората е во редовен работен однос и професионално ги врши работите од надлежност на Комората.

Секретарот на стручната служба на Комората му помага на претседателот на Комората и учествува во подготвувањето и организирањето на седниците на Собранието на Комората, на Извршниот одбор, на Надзорниот одбор и на комисиите, се грижи за благовремено подготвување и дистрибуирање на материјалите што ќе се разгледуваат од Собранието и од неговите органи. Секретарот на Стручната служба на Комората е одговорен за одржување и ажурирање на Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци на доктори на стоматологија , како и за техничко-административните работи на Комората врзани за процесот на лиценцирање (за издавањето, продолжувањето, обновувањето и одземањето на лиценцата), во согласност со Законот за здравствена заштита, Статутот и правилниците на Комората.

Секретарот на Стручната служба се грижи за благовременото и редовно известување и информирање на регионалните одбори за одлуките на органите на Комората.

Секретарот на стручната служба ги следи законските прописи од областа на здравството и другите прописи за работите на Комората и врши и други работи во согласност со Статутот и другите акти на Комората.

За својата работа, секретарот одговара пред претседателот на Комората, претседателот на Извсниот одбор и Извршниот одбор на Комората.

Член 68

Бројот на вработените во Стручната служба и нивните задачи го утврдува Извршниот одбор со Правилник за организацијата и систематизацијата на работните места и опис на работните задачи на Стручната служба на Комората, при што се води сметка за соодветна етничка застапеност.

Платите и другите права на вработените во Стручната служба на Комората се утврдуваат во согласност со закон и актите на Комората.

VII. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА

Член 69

Членувањето во Комората е чест и право за сите кои имаат лиценца за работа за вршење стоматолошка дејност или вршат едукативно -образовна, односно научна работа од областа на стоматологијата на територијата на Република Македонија.

Член 70

Членувањето во Комората може да биде и доброволно и почесно.

Доброволно во Комората може да членува доктор на стоматологија кој вршел стоматолошка дејност на територијата на Република Македонија и доктор на стоматологија - странски државјанин кој претстојува и привремено врши стоматолошка дејност во Република Македонија и има лиценца издадена од Комората.

Во Комората почесно може да членуваат научник, професор или друг граѓанин вклучувајќи и странски државјанин кои имаат дадено голем придонес во развојот на стоматолошката едукативна дејност, во стоматолошката апликативна дејност или во научната работа на полето на стоматологијата, или кој особено се истакнал во своето професионално искуство или, пак, на друг начин го имаат дадено својот придонес во работата на Комората.

Почесните членови на Комората ги избира Собранието на Комората на предлог на Извршниот одбор.

Член 71

Во остварувањето на целите и задачите на Комората, членовите на Комората ги остваруваат своите права и обврски на начин утврден со закон, со овој Статут и другите акти на Комората.

Во остварувањето на правата и обврските сите членови на Комората се рамноправни.

**1. Права и должности на членовите на Комората**

Член 72

Членовите на Комората имаат право и должност:

1. да учествуваат во сите активности за остварување на целите и задачите на Комората,

2. да избираат и да бидат избирани во органите и телата на Комората,

3. да се занимаваат со стоматолошка дејност како професија во рамките на е лиценцата за работа издадена од Комората,

4. да даваат иницијативи, предлози и мислења за сите прашања од надлежност на Комората,

5. да ги изнесуваат меѓусебните спорови и случаи на повреда на етичките норми пред регионалните одбори на Комората,

6. да бидат информирани за работата на Комората и нејзините органи и за сите работи околу вршењето на стоматолошката дејност,

7. да добијат легитимација за членство во Комората со единствен индивидуален регистарски број,

8. да користат материјална помош од Фондот за в заемна помош,

9. да ги користат сите поволности и бенефиции кои Комората ги договорила со други правни и физички лица,

10. да присуствуваат и активно да учествуваат на сите видови форми на стручно усовршување што ги организираат релевантните стоматолошки друштва и здруженија и стоматолошките факултети,

11. да го почитуваат Статутот и актите на Комората и одлуките на органите на Комората,

12. да учествуваат во работата на сите органи и работни групи во Комората каде што се избрани,

13. да го чуваат угледот на стоматолошката професија и да се придржуваат кон законите, овој Статут, Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија и релевантните етички кодекси и меѓународни конвенции,

14. совесно и стручно да ја вршат стоматолошката дејност и Професија,

15. редовно и вистинито да ја известуваат Комората за сите податоци и промени кои се однесуваат и произлегуваат од актите што ги донесува Комората,

16. редовно да плаќаат членарина,

17. континуирано да се едуцираат и стручно да се усовршуваат,

18. редовно и благовремено да ја обноват лиценцата за работа,

19. секоја календарска година до 30 март да ги верифицираат освоените бодови од претходната година, неопходни за релиценцирање,

20. други права и должности што се определени со овој Статут и со другите акти на Комората.

**2. Престанување на членството во Комората**

Член 73

Членството во Комората престанува во случај на:

1. трајно одземање на лиценцата согласно законите,

2. времено одземање на лиценцата за времето на траењето на оваа мерка согласно Законот,

3. барање за престанување на членството,

4. неоправдано неплаќање на членарина повеќе од 12 месеци.

Престанокот на членството се објавува во гласилото на Комората.

Докторот на стоматологија на кој му престанало членството во Комората, е должен на Комората да и ја предаде легитимацијата која што ја издала Комората.

## VIII. ФИНАНСИСКИ СРЕТСТВА ЗА РАБОТА НА КОМОРАТА

Член 74

Финансиското - материјалното работење на Комората се врши врз основа на финансискиот план којшто го донесува Собранието на Комората.

Финансиско - материјалното работење се извршува преку жиро - сметка на Комората.

Член 75

Комората остварува приходи од:

1. членарини што ги плаќаат нејзините членови,

2. сретства по план/програма за вршење на надзор на стручната работа од буџетот на Министерството за здравство,

3. надоместок за услуги што ги врши Комората,

4. приходи од акредитирани и организирани конгреси, семинари, симпозиуми, курсеви, предавања, советувања и сл.

5. приходи од издавачка дејност,

6. од прилози и подароци,

7. донации,

8. од други извори.

Членарината се утврдува во висина еднаква за сите членови на Комората.

Членарината се определува во месечен износ, кој се уплатува по истекот на месецот за кој се однесува во рокови што ги утврдува Собранието на Комората со општ акт.

Член 76

Комората има свој имот и приходи и нив може да ги стекнува во согласност со законските прописи.

Имотот припаѓа на сите членови на Комората кои континуирано плаќале членарина во лиценцниот период.

Имотот го сочинува:

1. недвижен имот,

2. инвентар и друг подвижен имот,

3. имотни права,

4. хартии од вредност,

5. парични сретства,

6. друго.

Со сретствата и имотот Комората располага самостојно, во согласност со законите, другите прописи и Статутот и другите акти на Комората.

Член 77

Сретствата добиени од уплата на членарините се користат за:

1. остварување на право на сопственост на Комората над недвижен и подвижен имот,

2. тековно одржување на имотот сопстевност на Комората,

3. исплата на даноци, придонеси и други јавни давачки,

4. исплата на плати и надоместоци за вработените и привремено ангажирани лица за работата на Комората,

5. надоместоци на трошоци направени од вработени или ангажирани лица, односно од членови на Комората кои оправдано делувале во нејзин интерес,

6. надоместоци за тековни трошоци за организирање на седници, собири, состаноци на органите на Комората.

## IX. ВРШЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

Член 78

Комората ги определува едукатори под чиј надзор се спроведува пробната работа на докторите по стоматологија.

По завршувањето на пробната работа, докторот на стоматологија полага стручен испит пред испитна комисија што ја формира Комората.

- признава пробна работа и стручен испит поминат и положен во странство,
- издава лиценца за работа на странски државјанин,
- донесува програма за дополнителна обука,
- ги опрелува облиците на континуирано стручно усовршиување- бодовите,
- ги определува трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценца.

Член 79

Комората издава, обновува и продолжува лиценца за работа врз основа на писмено барање поднесено од докторот по стоматологија кој ги исполнува условите утврдени во Законот за здравствената заштита.

Комората води Регистар на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа за доктори на стоматологија кои вршат стоматолошка дејност.

Комората може, по потреба, да воведи и други евиденции согласно со Законот и со овој Статут.

Сигурноста и тајноста на податоците се гарантира согласно со прописите за заштита на лични податоци.

Условите, начинот на запис, формата, содржината и водењето на Регистрите се пропишани со акт на Комората, на кој министерот за здравство дава согласност.

Член 80

Комората врши надзор над стручната работа на здравствените установи и другите установи кои вршат здравствена дејност, и на здравствените работници и соработници согласно Законот за здравствената заштита, заради контрола над стручната работа, спроведување на стручните упатства, оценка на стручната работа, како и проценка на условите и начинот на укажување на здравствената заштита.

По завршување на надзорот над стручната работа се подготвува и доставува извештај за надзорот до Министерот за здравство и до установата во која е извршен надзорот.

## X. СОРАБОТКА НА КОМОРАТА СО ДРУГИ КОМОРИ, ОРГАНИ, ИНСТИТУЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Член 81

Комората соработува со државните органи, институции, други комори и релевантни стоматолошки здруженија и други организации и асоцијации за работи од заеднички интерес.

Член 82

Комората соработува со стоматолошки комори на други држави и со други меѓудржавни организации и здруженија од областа на здравството.

Комората може да биде членка на меѓународни стоматолошки асоцијации.

Соработката од став 1 на овој член се остварува со непосредни контакти, размена на информации, публикации и други извори, со организирање на советување, јавни трибини, со деловно поврзување и со други форми.

## XI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА КОМОРАТА

Член 83

Комората обезбедува јавност во своето работење преку:

1. јавност на седниците на органите на Комората, освен кога тоа е определено поинаку со Статутот и други акти на Комората,
2. информирање на членовите на Комората на состаноци, преку соопштенија, преку гласилото и њеб - страницата на Комората,
3. информирање на јавноста за својата работа преку сретствата за јавно информирање, преку соопштенија, преку гласилото и web - страницата на Комората,
4. соработка со сретствата за јавно информирање,
5. преку други сретства и начини.

Член 84

Претседателот на Комората и од него овластени лица може да даваат податоци и информации во врска со работата на Комората и нејзините органи и се одговорни за нивната вистинитост и точност.

Лицата од претходниот став не смеат да даваат податоци и информации кои според актите на Комората претставуваат деловна тајна или со кои би биле нарушени интересите или угледот на членовите на Комората.

Член 85

Со посебен акт на Комората се определуваат исправите и податоците што претставуваат деловна тајна и чие соопштување на неовластено лице би било спротивно на интересите на членовите на Комората.

Член 86

Сите членови на Комората кои се избрани во органите на Комората или кои се кандидати за членови на органите на Комората се должни да пополнат образец и да го доставaт до Комисијата за верификување на факти со што би се отстранил сомнежот за влијание на одредени служби и структури во системот, односно тие членови би останале само како стручњаци во органите на Комората.

## XII. ГЛАСИЛО НА КОМОРАТА

Член 87

Комората издава свое информативно стручно списание, што излегува по потреба, а најмалку периодично на четири месеци, преку кое се обезбедува навремено информирање на своите членови и поширoката јавност, за одлуките, заклучоците, ставовите, предлозите и мислењата усвоени на седниците на органите и телата, извештаите усвоени од Собранието, за организираните акредитирани и други стручни предавања како и за други актуелности што се од интерес на докторите по стоматологија. Исто така, списанието има и стручен дел каде докторите по стоматологија може да ги објавуваат своите стручни искуства.

Гласилото, списанието или информаторот бесплатно го добиваат сите членови на Комората.

Гласилото има главен и одговорен уредник и уредувачки одбор. Уредувачкиот одбор е составен од еминентни стручнаци од РМ (40%) и од други држави (60%).

Главниот и одговорен уредник и уредувачкиот одбор за својата работа одговараат пред Извршниот одбор, пред претседателот на Комората и пред Собранието на Комората.

Член 88

Комората има своја web - страница за презентација на Интернет преку која членовите на Комората и јавноста можат да се информираат за нејзините активности, работа, структура и организација, органи и тела, за организираните акредитирани и други стручни предавања, и сл.

## XIII. АКТИ НА КОМОРАТА И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ АКТИ

Член 89

Акти на Комората се:

1. Статут на Комората;
2. Кодекс на стоматолошката етика и деонтологија;
3. Правилник за избори и отповикување на членови на регионалните одбори, Собранието, претседател на Комората и другите органи на Комората;
4. Деловник за работа на Собранието;
5. Деловник за работа на Извршниот одбор;
6. Деловник за работата на Надзорниот одбор;
7. Правилник за надлежност, организација, постапка и работа на Судот на честа;
8. Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на доктори по стоматологија;
9. Правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи и докторите под чиј надзор се спроведува приправнички стаж;
10. Правилник за составот на испитната комисија, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на проверка на стекнати знаења и вештини и образецот на уверението за положен стручен испит на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
11. Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа и формата и содржината на образецот на лиценцата за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
12. Правилник за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците;
13. Правилник за континуирана стоматолошка едукација и усовршување и за облиците и критериумите за распоредување на бодови потребни за обновување на лиценцата за работа на докторите на стоматологија;
14. Правилник за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници;
15. Правилник за финансиско работење, организација и начинот на водењето на сметководството и на други материјално - финансиски прашања на Стоматолошката комора на Македонија;
16. Правилник за организација и систематизација на работните места и опис на работните задачи на Стручната служба на Комората;
17. Ценовник за референтни заштитни (минимални) цени на услугите и изработките во стоматолошките здравствени установи во РМ;
18. Правилник за доделување награди; и
19. други акти што ги донесуваат Собранието и органите на Комората.

Член 90

Статутот и општите акти ги подготвува Комисијата за статутарни и правни прашања.

Работниот текст се поставува на web - страницата на Комората за разгледување и коментари од членовите на Комората.

По утврдувањето на предлог - текстот Комисијата го доставува на разгледување на Извршниот одбор на Комората.

Извршниот одбор ги предлага Статутот и општите акти за донесување на Собранието.

Член 91

Министерството за здравство дава согласност на општите акти со кои поблиску се уредува вршењето на јавните овластувања на Комората чиј основ за донесување е Законот за здравствената заштита и ги објавуваат во „Службен весник на Република Македонија“

Член 92

Изменувањето и дополнувањето на Статутот и другите општи акти се врши во постапка, како за нивно донесување утврдени со овој Статут.

Член 93

Иницијатива за изменување или дополнување на Статутот може да даде претседателот, најмалку 15 членови делегати на Собранието на Комората или најмалку три регионални одбори.

Измените и дополнувањата ги изготвува Комисијата за статутарни и правни работи и ги доставува до Извршниот одбор.

Предлогот за изменување и дополнување на Статутот до Собранието на Комората го поднесува Извршниот одбор.

По предлогот за изменување и дополнување на Статутот се организира јавна расправа. Начинот на водењето и времетраењето на расправата ги утврдува Извршниот одбор.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 94

Започнатите постапки пред денот на влегување во сила на овој Статут ќе продолжат да се водат согласно одредбите од Статутот кој важел до денот на донесување на овој Статут.

Член 95

Претседателот на комората, членовите на органите, телата, комисиите на Комората продолжуваат да ја вршат својата функција се до истекот на нивниот мандат.

Член 96

Одредбите од член 18 и 20 од овој Статут започнуваат да важат со почеток на новиот мандат на Собранието на Комората.

Член 97

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Стоматолошката комора на Македонија објавен во „Сл.весник на РМ“ бр. 15/2010.

Стоматолошка комора на Македонија
Претседател,
проф. д-р **Марија Накова**, с.р.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**29.**

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010 и 47/2011), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Индексот на трошоците на животот во Република Македонија во второто полугодие од 2012 година (период: јули-декември 2012 година), во однос на првото полугодие од 2012 година (период: јануари-јуни 2012 година) е повисок за 1,5%.

Заменик на директорот,
м-р **Анита Стамнова**, с.р.

**30.**

Врз основа на член 44 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/2001, 2/2002, 44/2002, 51/2003, 120/2005, 139/2006, 160/2007, 159/2008, 85/2010 и 47/2011), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари-декември 2012 година, во однос на просечните цени на мало во 2011 година, е повисок за 3,3%.

Заменик на директорот,
м-р **Анита Стамнова**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2013 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2013002